ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ШПАНИЈА | „REGEX 19“ | „НАЦИОНАЛЕН ОДГОВОР 2019“ | „EUROFIGHTER TYPHOON“

# ШТИТ

Број 121
Ноември 2019

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Членството во НАТО станува реалност



# Членството во НАТО









Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, учествуваше на заедничкиот состанок на министрите за одбрана на земјите-членки на НАТО во Брисел. На состанокот, таа посочи дека Северна Македонија е целосно посветена на вредностите на Алијансата, како и на учеството во мисии и операции предводени од НАТО, а воедно се заблагодари и за доследноста на Алијансата и за брзата ратификација на Протоколот за членство во НАТО кој  помина во парламентите на 26 земји-членки. Министерката Шекеринска активно учествуваше на првиот од серијата состаноци на Северноатлантскиот совет, посветен на операциите и мисиите на Алијансата. Пред почетокот на состаноците на Северноатлантскиот совет, министерката за одбрана се сретна со помошникот-генерален секретар на Алијансата за одбранбена политика и планирање, Патрик Тарнер. „Северна Македонија останува посветена на стратегиските цели, како членството во НАТО, и затоа сме целосно насочени кон одбранбените реформи, особено кон развојот на Лесната пешадиска баталјонска група“, рече министерката на состанокот. Таа додаде дека ратификацискиот процес тече со исклучителна брзина  и дека определбата на земјата за раст на одбранбениот буџет за 0,2 проценти годишно, до бараните 2 проценти од бруто-домашниот производ до 2024 година се реализира и дека тоа е дел и од стратегиските документи на Министерството, како што е Долгорочниот план за развој на одбранбените способности. Помошникот-генерален секретар, Тарнер, изрази задоволство што Северна Македонија наскоро ќе биде 30. земја-членка и дека

# станува реалност



НАТО ќе продолжи да ја дава сета своја поддршка во овие процеси. За време на состанокот на министрите за одбрана на земјите-членки на НАТО во Брисел, министерката Шекеринска оствари одделни средби со неколку свои колеги. На средбата со грчкиот министер за одбрана, Панагиотопулос, Шекеринска истакна дека двете држави треба да градат блиски билатерални односи и дека соработката на полето на одбраната ќе придонесе за тоа. Таа оствари средби и со естонскиот министер за одбрана, Јури Луик, со италијанскиот министер за одбрана, Лоренцо Гуерини, како и со министерот за одбрана на Австрија, Томас Старлингер. Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, за време на престојот во Брисел и учеството на состанокот на министрите за одбрана на земјите-членки на НАТО, ги посети и просториите каде што ќе биде сместена мисијата на нашата држава, како полноправна членка. Министерката, при посетата на просториите, изјави дека ова покажува оти сите наши подготовки течат според планот и дека сме добредојдени во најмоќниот воено-политички сојуз.







# содржина

ШТИТ ■ година XI ■ број 121 ■ ноември 2019


Инфо 5

Инфо
**Воздушното патролирање во Република Северна Македонија** 6

Средба со
**проф. д-р Никола Дујовски Македонија во НАТО – „Да, но за ЕУ ќе почекаме“** 8

Промоција
**„Критична инфраструктура: концепт и безбедносни предизвици“** 12

НАТО-армии
**Вооружените сили на Шпанија** 14

Регионална соработка
**„REGEX 19“** 18

Едукација
**Интереси на партнерите во војна** 22

Едукација
**„Жени за жени во јавниот сектор“** 28

24 часа
**Празнични денови во кумановската касарна** 32

Вежби
**„Национален одговор 2019“** 34

Вооружување
**„Eurofighter Typhoon“** 38

Вооружување
**„Barracuda 4×4 Armored Wheeled Vehicle“** 40

Вооружување
**„ЦЕЗАР“ и „АТМОС“ – основите на модерната артилерија** 43

Филм
**„Карбала“** 56

# Веќе не сме сами

Република Северна Македонија влегува во последната фаза на ратификации на Протоколот за полноправно членство во НАТО. Нашето столче на заедничката маса со останатите земји-членки на Алијансата е обезбедено и сигурно. Само уште малку и стануваме дел од колективитетот на најмоќниот воено-политички сојуз во светот. Тоа значи дека е потребно час поскоро да ги завршиме и последните активности за исполнување на преземените обврски за да се приспособиме на колективните потреби. Тоа, секако, се однесува и на промени во легислативата и нормативата поврзана со одбраната и безбедноста на земјата. Министерството за одбрана интензивно работеше на измените и дополувањата во Законот за одбрана, како дел од реформите кои треба да се спроведат при влез на Република Северна Македонија во НАТО-сојузот, и тој како предлог-закон веќе е доставен за усвојување во Собранието. Законот за одбрана се менува и се дополнува со цел да се усогласи законодавството од областа на одбраната со обврските и правилата во НАТО, особено во сегментот на применливоста на членот 5 од Северноатлантскиот договор. Овој член ја уредува надлежноста на Владата за одлучување за влегување и излегување на вооружени сили на странски држави, внатре и надвор од територијата на Републиката, поминување или престој во врска со учеството на вежби, при обука, во хуманитарни операции, во меѓународни операции, во НАТО-мисии и операции и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана, операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност, како и во команди, штабови и воени единици на меѓународни организации на територијата на Републиката.
Сето ова потврдува дека со влезот на Република Северна Македонија во НАТО се менува основната премиса во организацијата на системот за одбрана на Република Северна Македонија – тоа значи дека веќе не сме сами и дека нашата одбрана сега е организирана според принципите на одбраната во рамките на колективниот систем на самоодбрана, односно дека нападот на која било земја-членка на Алијансата значи напад врз сите членки и дека во таков случај сите би се мобилизирале за помош. Во новиот Закон за одбрана на Република Северна Македонија се предвидува јасна процедура, на каков начин може нашата држава да побара помош од НАТО, барање за реакција на НАТО, а и на каков начин ние ќе ги носиме одлуките за учество во одредени НАТО-операции. Најголемата промена се состои во тоа дека Собранието и Владата ќе продолжат да соработуваат на овие теми, но одлуката за учество во НАТО операции ќе ја носи Владата, а секоја година ќе поднесува целосен извештај за сите учества на сите операции до Собранието. Сите останати мисии од типот на Обединетите нации, учество на мисии на ЕУ, остануваат и понатаму да се одлучуваат по сегашната постапка, тие се предлог на Владата, а понатаму стануваат точка на дневен ред и на Собранието. Во Законот, исто така, се предвидуваат и можни учества во мисии, не само на припадниците на Армијата, туку и на луѓе од целиот одбранбен сектор.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје





ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот


„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;



Ставовите содржани во написите на надворешните
соработници не ја презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.




# Соработка на највисоко ниво

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, оствари средба со Метју Палмер, заменик-помошник на државниот секретар на САД и специјален претставник за Западен Балкан, кој беше во официјална посета на нашата држава. На средбата во Министерството за одбрана стана збор за НАТО перспективата на државата, која со ратификацијата во Сенатот на САД и уште 25 земји-членки на НАТО е сосема јасна – Северна Македонија наскоро ќе биде потврдена како 30. земја-членка на НАТО. Високиот гостин од американскиот Стејт департмент ја реафирмираше поддршката на САД за нашата земја и за европските перспективи на државата.
„Ратификацијата во Сенатот на САД и посетата на американскиот државен секретар Помпео се силен доказ за стратешкото партнерство и поддршката од САД за Северна Македонија. Недонесувањето на одлуката на Европскиот совет за почеток на преговори не ја менува нашата одлука да работиме на остварувањето на нашите стратешки цели – членството во Европската унија и во НАТО “, рече министерката Шекеринска.
Министерката Шекеринска и заменикот-помошник државен секретар на САД, Палмер, заклучија дека соработката во одбраната меѓу двете земји е на највисоко ниво и дека со членството на Северна Македонија во НАТО таа соработка ќе се зајакнува.



# Претседавачот на ВК на ЕУ во посета на МО и ГШ

Генералот Клаудио Грациано, во рамки на својата прва посета на Република Северна Македонија, оствари средби со началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и со министерката за одбрана Радмила Шекеринска. За време на средбата помеѓу генералите Ѓурчиновски и Грациано се разговараше за учеството на Армијата во мировните операции на ЕУ, за процесот на трансформација и интеграција во НАТО и за искажаната поддршка од страна на Воениот комитет на ЕУ за нашите интегративни процеси во евроатлантските структури. На средбата меѓу министерката за одбрана Радмила Шекеринска и високиот гостин стана збор за учеството на нашата земја во меѓународни обуки и мисии на ЕУ и за соработката. Двајцата соговорници го поздравија континуираниот ратификациски процес за членството на Северна Македонија во НАТО. На состанокот, на којшто на делегацијата ѝ беше презентиран придонесот на единиците на Армијата во мировните операции, со акцент на операциите предводени од ЕУ, генералот Ѓурчиновски истакна дека нашето учество и придонес во заедничката одбранбена политика е важен инструмент во интензивирањето на политичкиот дијалог со ЕУ и е еден од елементите при процената на Европската комисија за исполнување на критериумите за членството во ЕУ. Од страна на генералот Грациано беа искажани пофални зборови за учеството и професионалноста на припадниците на Армијата на Република Северна Македонија во мировните мисии. Притоа, генералот Грациано истакна дека Република Северна Македонија игра важна улога за стабилноста на регионот, со нејзиниот пристап и со начинот на решавање на предизвиците од политички и безбедносен аспект. За време на посетата делегацијата ги посети и единиците на Армијата во касарната „Илинден“ и претставништвото на ЕУ во Република Северна Македонија.



# НАТО-конференција за информации и комуникатори

Република Северна Македонија ќе биде земја-домаќин на НАТО-конференција за информации и комуникатори во 2020 година. Оваа конференција е еден од најголемите настани кои НАТО ги одржува во текот на годината и инволвира претставници од сите земји-членки на Алијансата, како и учесници од партнерските земји. Вообичаено, на овој настан учествуваат околу петстотини учесници на високо ниво. Темите кои ги покрива Конференцијата се мултидимензионални и интересни. Комуникациите денес се од витално значење, во сите нивни форми. Оваа година, оваа значајна конференција се одржа во Варшава, Полска, од 23 до 27 септември. На крајот од конференцијата, претседавачот, со видеопокана до министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, го најави главниот град на Република Северна Македонија, Скопје, како следна дестинација за реализација на Конференцијата во 2020 година. На Конференцијата за информации и комуникатори во Варшава, од МО учествуваа Лидија Јанчовска-Христова, посебен советник за односи со јавноста, и полковник Иван Атанасоски, раководител на СКАОП. Номинацијата за земја-домаќин на овој настан е интензивен процес и претставува вистинска чест и предност да се добие. Придобивките во однос на стратешките комуникации за земјата се исто така значајни. Конференцијата ќе го одбележи и нашиот план и подготвеност за инкорпорирање на Регионалниот центар за односи со јавноста (PARC) во НАТО-командната линија за стратешки комуникации. На можноста за организација на овој настан треба да се гледа како на потврда за одличната репутација на Р. Северна Македонија како одговорна и напредна идна земја-членка на НАТО.



# Воздушното патролирање во Република Северна Македонија



Мисијата на НАТО за патролирање во воздушниот простор (Air Policing) е под надзор и водство на воздухопловната команда на сојузничките сили. Овие операции се под тактичка команда на штабот на сојузничките сили за воздушна команда во Рамштајн (Tactical Command of Headquarters Allied Air Command – HQ AIRCOM), со широка палета на статични и распоредливи инсталации. Командата е поддржана од страна на два воени меѓународни центри за операции во воздух (Combined Air Operations Centres – CAOC), лоцирани во Torrejon, Шпанија, и во Uedem, Германија, како и еден распоредлив центар за воздушна команда и контрола (Deployable Air Command and Control Centre – DACCC) во Poggio Renatico, Италија. Воздушното патролирање на НАТО е мировна колективна мисија за одбрана, со цел заштита на интегритетот на воздушниот простор на земјите-членки на Алијансата и вклучува континуирано присуство на авиони во улога на борбени пресретнувачи (24 часа на ден, 365 дена во годината), подготвени да реагираат брзо на повредите и прекршувањата на воздушниот простор. Мисијата се спроведува во рамките на Интегрираниот систем за воздушна и ракетна одбрана на НАТО (NATO Integrated Air and Missile Defence System - NATINAMDS).

> Принципот на колективна одбрана е во центарот на основачкиот договор на НАТО. Останува единствен и долготраен принцип на меѓусебно поврзување и заштита во рамките на солидарноста на Алијансата. Програмата за соработка од воздухопловството вклучува експерти за воздушна одбрана, семинари и работилници, посети на објекти за воздушна одбрана и инсталации, заеднички аналитички студии и програма за размена на некласифицирани податоци за состојбата со воздухот

За земјите на НАТО кои немаат потребни воздухопловни капацитети:  Албанија, Луксембург, Исланд, Словенија, Латвија, Литванија, Естонија, како и нашата држава, постојат договори да се обезбеди стандард за безбедност на воздушниот простор во рамките на одговорноста на врховниот командант на сојузничките сили на Европа (SACEUR). Последно примената членка на НАТО-сојузот е Црна Гора, која воздушното патролирање го реши со ангажирање на борбени авиони на воздухопловните сили на Италија и на Грција, во соработка со воздухопловството на Црна Гора. Од 2009 година, авиони на Италија и на Грција го штитат и воздушниот простор на Албанија, додека Белгија, Холандија и Луксембург имаат заедничка мисија за заштита на небото над трите земји. Понатаму, ниту една од





трите балтички земји кои се членки на НАТО, немаат сопствени функционални борбени авиони. Во април 2004 година, набргу откако овие земји ѝ се приклучија на Алијансата, НАТО одлучи да воведе воздушни патроли над балтичките држави со борбени авиони од други членки на Алијансата. Со ова се обезбедува интегритетот на воздушниот простор на сојузниците, се штити суверенитетот на државите на Алијансата, односно се води грижа за безбедноста на воздушниот простор на Алијансата. Сите земји-членки во одреден облик придонесуваат за воздушното патролирање на НАТО, било тоа да е преку употреба на национални системи за надзор над воздухот, управување со воздушниот сообраќај, авиони за пресретнување или други мерки за воздушна одбрана. НАТО-авионите полетуваат кон воздушниот простор на секоја земја-членка, која во одреден момент се соочува со некој проблем или прекршување на нејзиниот воздушен простор. Мисијата се однесува на воени и на цивилни авиони во неволја или кои не ги следат меѓународните правила за летање и пристапуваат кон воздушниот простор на сојузниците. Често овие авиони не успеваат да се идентификуваат правилно, да комуницираат со контролата на летање или настануваат проблеми поврзани со плановите за летање.

## Воздушното патролирање во Република Северна Македонија

Во текот на 2017 година Воздухопловната бригада беше посетена од делегација на Генералштабот на Воената авијација на Република Грција. Цел на тогашната посета беа експертски разговори и размена на искуства во врска со воздушното набљудување, воздушното патролирање, менаџирање во случај на грабнат авион, обука на персоналот и програма за размена на радарски податоци за ситуацијата во воздушниот простор (ASDE – Air Situation Data Exchange). Експертските разговори продолжија да се реализираат во насока на размена на стекнатите искуства и согледување на идната соработка која произлегува од Меморандумот за разбирање и Техничкиот договор за реализација на програмата ASDE, која подразбира двострана размена на податоци за ситуацијата во воздушниот простор.

На последната посета во април оваа година, министерката за одбрана на Северна Македонија реализираше билатерална средба со министерот за национална одбрана на Грција, на која потпишаа сеопфатен Договор за соработка во одбраната. Помеѓу другото, во договорот беа наведени областите на соработка од заемен интерес, од кои едната е Грција да врши воздушно патролирање (Air Policing) со надзор на безбедноста на воздушниот простор над нашата држава. Оваа мисија е во интерес за нашата држава, за целиот регион, како и за НАТО-алијансата. Мировната мисија на воздухопловните сили на Грција како членка на НАТО подразбира употреба на системот за воздушна команда и контрола, воздушни мисии, контрола на воздушниот сообраќај, набљудување и управување со воздушниот простор, како и управување и менаџирање со ресурсите. Следствено на ова, за потребите на оваа идна мисија на НАТО, два прелети во воздушниот простор на Северна Македонија од страна на воздухопловите „Ф-16“ на грчкото воено воздухопловство, беа реализирани заради проверка на комуникациите и радарската покриеност на нашиот воздушен простор. Министерството за одбрана на Северна Македонија и Министерството за национална одбрана на Грција, на почетокот на октомври во Солун го потпишаа Техничкиот аранжман за надзор на воздушниот простор, како една од стратешките цели на нашата армија. Аранжманот кој го потпишаа началникот на Генералштабот, генерал Васко Ѓурчиновски, и началникот на одбраната, генерал Христос Кристодулу, претставува официјализирање на мисијата за воздушно патролирање (Air Policing), а ќе се реализира во координација со НАТО-алијансата. Веднаш потоа, а врз основа на планираните активности и прифатените задачи за полноправно членство на Република Северна Македонија во НАТО, во посета на Воздухопловната бригада беше Партнерскиот директорат од SHAPE/NATO, со цел извидување на капацитетите со кои располагаме за напредокот и плановите од доменот на ASDE-програмата и „Air Policing“ – мисијата за воздушно патролирање. Делегацијата беше целосно запознаена со моменталните проекти, со достигнатиот напредок, како и со предизвиците и задачите што нѐ очекуваат понатаму.

Понатаму, делегацијата од SHAPE/NATO изврши посета на објект од специфична важност за Армијата, каде што се планира отворање на центар за командување и контрола со воздушниот простор.

Овој настан е од големо значење за Воздухопловството и Армијата воопшто, и како таков беше одлично организиран од страна на Воздухопловниот авторитет, Генералштабот, Здружената оперативна команда и Воздухопловната бригада.

Драган Павловски

Средба со проф. д-р Никола Дујовски, декан на Факултетот за безбедност



# Македонија во НАТО – „Да, но за ЕУ ќе почекаме“

**Професоре Дујовски, интересна е содржината и опфатот на вашата докторска дисертација во однос на изборот на области што ги третира, но колку тоа коинцидира со подготовките на Република Северна Македонија во тоа време за интегрирање во евроатлантските асоцијации или, пак, темата е производ на Вашата интуиција за потребата од неминовно проучување и давање придонес кон овие процеси?**

– Секоја докторска дисертација, особено во областа на општествените науки, има цел да предложи мерки и активности и да се осврне на одредена област со нови и корисни сознанија како да се подобрат состојбите во соодветната област. Мојата докторска дисертација имаше цел да ги поттикне и да ги поддржи процесите во преговарачките поглавја 24 и 31, области кои се особено значајни за безбедносната политика на државата. Ова се случуваше во времето кога добивме јасна препорака од Европската комисија за почеток на преговорите. Имајќи предвид дека токму поглавјето 24, заедно со поглавјето 23, ќе бидат први отворени, разбирливо беше дека интересот, особено во областа на безбедноста, ќе се насочи токму кон ова поглавје. Поглавјето 31 е надополнување на безбедносната политика преку заедничката надворешна и безбедносна политика на државата, која треба да биде хармонизирана со политиката на ЕУ. За жал, ентузијазмот и посветеноста на авторот и на други професионалци во државната администрација да дадат посилна поддршка и да се вградат во вистинско време во процесот на преговори, со цел да се обезбеди што поголем квалитет и препознатливост на процесот, до денешен ден останаа нереализирани. Во тоа време беше вистински избор за градење академска кариера, која ќе даде силен поттик на процесот на преговори кој требаше наскоро да започне. Но, сведоци сме дека дури и денес не сме напредувале формално ниту за еден чекор повеќе од една деценија. Деновиве повторно се увиде дека и покрај сите напори и тешки одлуки од минатите неколку години, и покрај сите откажувања направени само и единствено за интересот на државата за членство во ЕУ, не успеваме да ги започнеме преговорите за членство. Во меѓувреме, законодавството на ЕУ се променило и се дополнило со бројни нови директиви, регулативи итн. но, сепак, структурата и целите се речиси идентични како и пред една деценија, па податоците во докторската дисертација, особено за начинот и постапката за преземање на законодавството на ЕУ, можат и во иднина да бидат корисни. Се разбира дека и ние не чекавме, туку постојано ги следиме и се обидуваме да ги имплементираме европските практики во домашните политики. Тоа, се разбира, ќе продолжи и во иднина, со цел да изградиме општество во кое

Професорот д-р Никола Дујовски е професионалец со силен бекграунд во безбедноста и безбедносните институции. Во моментот ја извршува функцијата декан на Факултетот за безбедност, а повеќе од две децении е на различни раководни места во Министерството за внатрешни работи и на Факултетот за безбедност. Паралелно ја води и Комисијата за утврдување на моделот за спроведување на „ветинг“ во МВР. Неговата докторска дисертација е на тема „Процесот на преговарање за прием во членство во Европската унија, во областите правда и внатрешни работи и заедничка надворешна и безбедносна политика“. Дујовски продолжува да истражува токму во овие области и станува познат во јавноста по неговите толкувања на правно-политичките, безбедносните и економските придобивки од нашето интегрирање во НАТО и во Европската унија

граѓаните ќе имаат можност да живеат според европските стандарди.

**Со потпишувањето на Преспанскиот договор нашата земја го исполни и последниот услов за прием во НАТО, а со ратификувањето на истиот од сите земји-припаднички, РСМ ќе стане 30-тата членка на оваа асоцијација. Можно ли е тоа да се случи до крајот на годинава, или, пак, ќе се изроди некоја нова и неочекувана причина?**
– Потпишувањето на Преспанскиот договор е силна пресвртница за членството ќе се случи веднаш по ратификацијата во Шпанија, кое сигурно нема да се пролонгира за период подолг од неколку месеци. Ова значи дека државата е на самиот праг на членството во НАТО и на тој процес едноставно повеќе не може да се влијае ниту позитивно ниту негативно, по што дефинитивно прашањата во областа на одбраната и безбедноста ќе бидат барем во регионален контекст затворени. Повеќе нема да бидеме посветени на елементарните прашања за безбедноста и развојот на настаните во регионот, што






современата македонска историја. Сите услови кои беа поставени пред нашата држава се исполнети. Армијата, надворешната политика, безбедносните стандарди и практики се на високо ниво, подготвени и применливи и реално можеме веднаш да се приклучиме целосно и посветено како партнери во најголемата и најзначајната воено-политичка алијанса во светот. Во овој момент работите повеќе не зависат од нас. Самитот на НАТО ќе се одржи на 4 декември во Лондон, а според сегашната состојба останува отворено прашањето за ратификација уште во Шпанија, која на 10 ноември ја очекуваат предвремени парламентари избори. Доколку таму се конституира Парламентот и се формира Влада најдоцна до 2 декември, реално е да се очекува ратификација на договорот и покана за пристапување на Република Северна Македонија на Самитот на НАТО на 4 декември. Доколку ова сценарио за формирање на новата влада во Шпанија не успее, ќе ни овозможи со засилено темпо да се посветиме на економијата и економските состојби во државата, со цел подобар живот на граѓаните, за кој толку долго очекуваме да се случи.

**Какви придобивки се очекуваат во иднина со нашето зачленување во НАТО, имајќи ги предвид одбранбените, безбедносните, правно-политичките и економските аспекти на овој процес?**
– Придобивките од членството во НАТО треба да се анализираат низ призмата на гаранциите за зголемена безбедност, не толку поради фактот што НАТО ќе го чува нашето небо или нашата безбедност, туку поради зголемувањето на капацитетите на нашата армија и другите безбедносни служби, кои изградија капацитети и имаат доволно ресурси, искуство и процедури да бидат компатибилни и достојни партнери со најголемите и најзначајните земји во светот.

Сепак, треба да се истакне и големата „отворена врата“ за бројни офицери, но и за цивилни лица кои ќе имаат можност и ќе бидат ангажирани од Алијансата. Еве, за нас, во високото образование, особено значајни се различните програми и проекти за поддршка на науката и знаењето. Дури и сега, пред членството, ние учествуваме во голем број научни и истражувачки проекти, финансирани и поддржани од НАТО. Тоа ги зголемува личните и институционалните капацитети на секој поединец и институција во безбедносниот систем кои се вклучени во такви активности. Иако на НАТО се гледа како на воен и политички сојуз, членството подразбира и исполнување и гаранција на бројни правни стандарди поврзани со владеењето на правото, слободата на медиумите, независните институции, почитувањето на човековите права итн. Интересот на државите-членки е насочен и кон поддршка на демократските капацитети и развојот на сите членки, како и на аспирантите за членство. Не е можно да се случи членство во НАТО за држава која нема да докаже дека демократијата се развива и се гарантира на високо ниво, држава која има нерешени спорови со соседите или во која има реална политичка криза или закана од истата. Напротив, бидејќи државите созреваат пред членството, доаѓаат сериозни и силни придобивки од кои најголема корист ќе имаат граѓаните. Иако не ми е потесна област на интерес, секогаш настојувам да го потенцирам економското значење на членството во НАТО. Најдобро би било да се направи споредба со земјите-членки за периодот пред и по членството во НАТО. Особено е значајно да се следат странските директни инвестиции кои се забележани во Црна Гора, во Хрватска и во Албанија. Податоците од тие држави говорат дека инвестициите (првенствено странски, но и домашни), укажуваат на повеќе од двојно зголемување за период пократок од една година. Албанија е карактеристична по фактот дека за период од една деценија, СДИ се зголемиле за дури седум пати во однос на периодот 1991–2008 година. Црна Гора, исто така, бележи значителен економски раст кој се одржува на стабилно високо ниво. Очекувањата за Северна Македонија се дека ќе продолжи трендот на засилен економски раст (4,1% во првиот квартал во 2019 година), како и зголемување на бруто-

Потпишувањето на Преспанскиот договор е силна пресвртница за современата македонска историја. Сите услови кои беа поставени пред нашата држава се исполнети. Армијата, надворешната политика, безбедносните стандарди и практики се на високо ниво, подготвени и применливи и реално можеме веднаш да се приклучиме целосно и посветено како партнери во најголемата и најзначајната воено-политичка алијанса во светот. Во овој момент работите повеќе не зависат од нас

домашниот производ во периодот до целосно членство. Разбирливо е дека овој тренд ќе продолжи, а може и да се засили, особено по членството. Бидејќи ќе биде заокружен сериозен процес, ќе се случат квалитетни инвестиции, а големите светски корпорации ќе ја препознаат државата како безбедна и со сериозен потенцијал за остварување профит. Токму преку квалитетните



странски инвестиции, новите технологии и знаење кои ќе ги донесат со себе, ќе бидат сериозен поттик и за домашните компании кои заради поквалитетната конкуренција ќе ги подобрат сопствените перформанси.

**Реформите и преструктуирањето на одбраната и безбедноста по НАТО-стандардите, речиси се завршени, но сигурно тука нема да се застане. Дали постојат некои приоритетни задачи и активности што се значајни за одржување на темпото и чекорот со другите членки на НАТО?**

– Извесното членство во НАТО само ќе ги зголеми нашите обврски, а со тоа и приоритетите на кои се посветува значително внимание и сега. Да се биде дел од елитното светско друштво подразбира континуирани активности кои ќе се спроведуваат во насока на исполнување на стандардите предвидени со основачките и другите договори на НАТО. Нашата армија ќе претрпи одредени промени во однос на формацијата, особено бројноста на дел од единиците. Уште сега се знае дека некои од армиските единици не се според НАТО-стандардите и ќе мора да претрпат значително намалување на бројната состојба. Армијата на Република Северна Македонија се покажа како многу релевантен партнер и пред членството. По формалната ратификација на Договорот за пристапување и во Собранието, нè очекуваат навистина бројни задачи. Ќе претстои пополнување на воените канцеларии во Брисел и другите НАТО-центри, размената на информациите ќе биде унифицирана и според безбедносните протоколи на НАТО, потребно е зголемување на буџетот на Армијата, со цел во наредниот период да се постигнат предвидените проценти кои секоја земја-членка на НАТО треба да ги одвојува за одбраната. Со еден збор, допрва започнуваат вистинските активности и задачи преку кои ќе треба постојано да докажуваме дека сме релевантен партнер.

**Сведоци сме на голема неправда која ѝ беше нанесена на нашата држава на Самитот на лидерите на Европскиот совет во Брисел на средината од октомври. Дали сметате дека ваквата позиција на лидерите на Европскиот совет е резултат на внатрешнополитичката состојба во државата или, пак, нешто друго е во прашање?**

– Факт е дека Европската унија доживеа голем пораз во Брисел.

Како и многупати во историјата се покажуваат погрешните политики од основачките договори во кои е предвидено дека одлуките се носат со консензус. Таквата политика ја држи Македонија настрана од ЕУ повеќе од 15 години. Кандидатскиот статус го добивме во 2005 година, речиси истовремено со Хрватска, а од 2009 година имаме позитивни извештаи и препорака од Европската комисија за почеток на преговорите, но за жал, овој пат можеби и најбрутално бевме одбиени за почеток на преговорите. Иако станува збор само за почеток, без никакви гаранции за завршување на процесот, оваа генерација на македонски политичари, но и многу други луѓе ангажирани во процесот на европските интеграции, на свој грб ја почувствуваа горчливата вистина за непостоењето на визија кај мал дел од европските лидери. Тоа се пренесе и кај граѓаните и се одрази и на политичката состојба во државата, па само неколку дена по завршувањето на Самитот во Брисел, Македонија наместо термин за почеток на преговорите, доби термин за предвремени парламентарни избори. Но, реалноста е таква, нема разочарување, мора да продолжиме да ја градиме државата според европските стандарди, не заради исполнувањето на таквите стандарди, туку заради подобар, подостоинствен и посреќен живот за граѓаните на Република Северна Македонија. Ме прашувате дали ова е резултат на внатрешнополитичката состојба во државата или на други околности? Кратко и едноставно речено – сите европски лидери (освен еден), ја истакнаа подготвеноста за почеток на преговорите и постигнатиот напредок во општеството. Да не се заборави дека до пред помалку од три години државата беше во сериозна политичка криза која целосно ја оддалечи од европските текови. За овој кус период се затворија многу прашања, особено во односите со соседите, и започна „заздравувањето“ на правната држава. Република Северна Македонија повеќе не е таа која во 2015 година, токму од страна на Европската комисија, беше оценета како „заробена“ држава. Сега таа е единствената функционална демократија на Балканот, во која власта е стабилна, а опозицијата активно учествува во работата на Собранието и дава свој придонес за напредокот во општеството. Се разбира, далеку од тоа дека состојбата е „розова“ и дека работите се придвижени напред.

Но, факт е дека во многу сфери на општественото живеење односите значително се разликуваат и сè повеќе се приближуваме кон европските стандарди. Борбата за правна држава ќе биде долга и многу напорна, а ќе продолжи уште многу години. Треба уште позасилено да ги спроведуваме реформите дома, затоа што само така ќе ја направиме Македонија пристојно место за живеење. И, да заклучам, Северна Македонија едноставно е подготвена да ги започне преговорите, и тоа не само за почеток, туку и за квалитетно водење на процесот. За да биде појасно, не станува збор за никакви преговори, туку за техничко договарање за начинот и постапката на преземање на европското законодавство во домашното. А, за тоа, дали и кога Европскиот совет ќе се одлучи да започне преговори со Северна Македонија, повеќе не одлучуваме ние, ниту во оваа фаза можеме да влијаеме врз процесот. Нашата силна посветеност на реформите и имплементацијата на европските стандарди ќе ни помогне да ги подобриме условите за живот. Тоа ќе биде долг и макотрпен процес, но од квалитетот на реформите ќе зависи и одговорот на Вашето наредно прашање. Имаме ли капацитет да им понудиме подобар живот на младите?




**Какви се Вашите размислувања за надминување на ваквата состојба и дали некои ретроградни сили можат да го забават или да го спречат нашето интегрирање во Европската унија?**
– Процесот на миграции во 21 век е незапирлив процес и со него се соочуваат сите земји во регионот, а податоците велат дека најзагрозена е Хрватска која, и покрај тоа што е членка на НАТО од 2009 година и на ЕУ од 2013 година, сè уште не успева ниту да го забави, а камоли да го запре процесот на иселување, особено на младите и образовани луѓе. Развојот на технологијата, особено на компјутерската индустрија, им дава неограничени можности на младите да патуваат и да си обезбедат подобри услови за работа и за живот. Тој тренд ќе продолжи и по нашето членство во НАТО и во ЕУ. За да се забави процесот, мора посветено, чесно, одговорно и со искрени намери да ги градиме институциите кои ќе одговорат на потребите на граѓаните. Младите луѓе немаат време за губење, и затоа потребно е час поскоро да постигнеме општествен консензус и да го утврдиме најсоодветниот модел за економски и општествен напредок.

**Вашата биографија е богата со податоци и остварувања, дури и со активности во повеќе меѓународни организации (CEPOL, AEPC, DCAF, OSCE...). Дали Ви останува време за одмор, или, пак, за некое хоби?**
– Да, со задоволство би сакал да истакнам дека доколку човек добро се организира, тогаш тој има секогаш ќе најде време за тоа што сака да го работи. Иако денот вообичаено ми започнува во 5 часот наутро, а активностите често ми завршуваат и доцна попладне, а и често патувам надвор од државата, сепак имам слободно време коешто го поминувам со семејството, со пријателите, со луѓето кои ми се драги. А, како хоби, на пример, речиси и да нема ден во кој нема да прочитам барем неколку страници политичка литература, филозофска книга или некои светски журнали. А, кога е време за забава и за одмор, тогаш свирам на гитарата.

Мендо Димовски




# „Критична инфраструктура: кон

На 2 октомври во конгресната сала на хотелот „Александар палас“ во Скопје имавме ексклузивна можност да присуствуваме на промоцијата на монографијата „Критична инфраструктура: концепт и безбедносни предизвици“, заедничко дело на проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Тони Милески од Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје и проф. д-р Роберт Микац од Факултетот за политички науки во Загреб, Република Хрватска. Исто така во монографијата со свои експертски анализи се вклучени и Рик Ларкин и Мат Ватер од САД, што е особено значајно во однос на барањето на целисходно решение за креирање на систем за заштита на критичната инфраструктура во Република Северна Македонија. Оваа монографија е една од првите напишани на оваа мошне значајна проблематика во Република Северна Македонија и, што е уште позначајно, таа е заеднички труд на македонски и странски автори. Исто така, мошне е значајно што оваа промоција не беше врамена во класичното клише на практиката на промовирање на книги, туку се одвиваше во рамки на научна дебата која обедини значајни експертски и научни имиња од сферата на безбедноста, одбраната, приватниот сектор и правото, а присутни беа и претставници на институциите од безбедносниот сектор, од Министерството за одбрана, од Министерството за внатрешни работи, како и меѓународни експерти од оваа област.

На свеченото отворање на конференцијата свои излагања имаа министерката за одбрана Радмила Шекеринска и министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, како претставници на двете најзначајни институции во системот за безбедност и одбрана на Република Северна Македонија. Од името на академската заедница, свое обраќање имаше ректорот на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“, проф. д-р Никола Јанкуловски, а свое поздравно обраќање имаа и рецензентите на монографијата, професорот Јонас Јохансон, од Универзитетот „Линд“ во Шведска и професорот Роберто Сетола од Универзитетскиот безбедносен кампус во Рим, Италија. Од името на авторите, на присутните им се обрати д-р Марина Митревска од Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, во своето обраќање, пред сè, ја поздрави и ја одобри иницијативата за одржување дебати за значајни прашања во врска со безбедноста и одбраната, потенцирајќи го значењето на критичната инфраструктура и нејзината заштита во ерата на зголемен број на различни безбедносни закани и предизвици. Таа истакна дека Република Северна Македонија забрзано се подготвува за влез во НАТО, што подразбира и целосна приспособеност на стратегиските документи кон потребите на колективното членство. Таа се осврна на Националниот план за одбрана во кој е вклучена заштитата и безбедноста на критичната инфраструктура во контекст на новите хибридни безбедносни закани и предизвици. Во заклучниот дел од своето излагање, таа уште еднаш го нагласи значењето на научната дебата и консултирањето на академската заедница во интерес на зајакнување на системот за безбедност





# цепт и безбедносни предизвици“

и одбрана, но и потребата од добра меѓуинституционална соработка, координираност и интегрираност на сите субјекти, за да се постигне соодветното ниво на безбедност.
Министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, се осврна на заштитата на критичната инфраструктура, како на еден од значајните стратегиски приоритети во современите демократски општества. Следствено на ова, тој го потенцираше овој сегмент како приоритет за успешното интегрирање на државата во евроатлантските структури. Во тој контекст, тој истакна дека е потребно да се направат  соодветна процена, анализа, дефинирање и заштита на критичната инфраструктура во Република Северна Македонија. Тоа подразбира стручно, професионално и долгорочно да се пристапи кон ова прашање, да се подготват концептуални предлози и решенија од кои ќе произлезат  и соодветни нормативни рамки за практично дејствување во заштитата на критичната инфраструктура. Во заклучниот дел од своето излагање, министерот Спасовски, исто така ја нагласи потребата за соработка и синергија помеѓу научната и експертската фела со институциите, со цел да се создаде валиден концепт врз кој ќе се гради системот за заштита на критичната инфраструктура.
Во рамките на работните панели свои видувања за одделни сегменти во однос на заштитата на критичната структура имаа истакнати професори и експерти од земјата и пошироко. За искуствата во заштитата на критичната структура во Шведска и во Италија зборуваа рецензентите на монографијата, професорите Јохансон и Сетола. За хрватските искуства и законското врамување на заштитата на критичната инфраструктура во Република Хрватска своe излагање имаше професорот и коавтор на монографијата, д-р Роберт Микац. Професорката Оливера Ињац од Црна Гора ги сподели своите видувања во насока на преземање на соодветни активности за правилно третирање на критичната инфраструктура и нејзината заштита во Црна Гора.
Доктор Ѓорѓи Алцески, претставник на TAV од аеродромот „Свети Павле“ во Охрид, појасни како се обезбедуваат аеродромите и воздухопловите во цивилното воздухопловство.
Професорот Митко Котовчевски го нагласи значењето на разузнавањето како превентивна мерка во заштитата на критичната инфраструктура, а м-р Верица Милеска-Стефановска, претседателка на Комората за приватно обезбедување, укажа на потребата од развивање на јавното-приватно партнерство и од користењето на услугите на приватното обезбедување во заштитата на објектите на критичната инфраструктура. Професорката Лидија Георгиева се осврна на превенцијата и на изложеноста на ризици на критичната инфраструктура, а професорката Александра Деаноска-Трендафилова од Правниот факултет „Јустинијан Први“, се осврна на законските решенија и на потребата од нормативно уредување на оваа проблематика. Излагањата беа исцрпни, интересни и отвораа многубројни прашања. Се дискутираше и се предлагаа теми за некои наредни дебати и дискусии.
Целта на оваа еднодневна конференција и промоција на монографија беше исполнета: се привлече вниманието на јавноста, се загатнаа теми и дилеми, се разгледаа речиси сите аспекти на критичната инфраструктура, нејзиното значење, нејзината ранливост и потребата од соодветни активности и стратегиски документи за нејзина заштита во контекст на безбедноста на државата и нејзините граѓани.
За крај ќе споменеме дека публикувањето и промоцијата на монографијата „Критична инфраструктура: концепт и безбедносни предизвици“  беше поддржано од страна на Фондацијата „Фридрих Еберт“, кои присуствуваа на промоцијата, секогаш подготвени да поддржат нови иницијативи за некоја значајна тема.

д-р Жанет Ристоска





# Вооружените сили на **Шпанија**

Вооружените сили на Шпанија, со персонал од околу 120.000 активен и 22.000 резервен персонал, се организирани во три компоненти (вида): копнена војска (КоВ), воена морнарица (ВМ) и воено воздухопловство (ВВ). Тие се поделени на две структури: органска – за подготовка на силите и оперативна – за ангажман на генерираните сили во мисии. Видовите се состојат од: команда, оперативни единици и сили за поддршка. Началниците на штабови на командите на секоја компонента, поединечно, се одговорни пред министерот за одбрана. Началникот на одбранбениот штаб, подреден на министерот за одбрана, е надлежен за командување со оперативната структура на ВС, во чиј состав се постојани и времени единици и состави. Постојаните оперативни состави ги формира министерството за одбрана и

Кралството Шпанија е уставна монархија, држава со површина од 506.000km² и е четврта по големина земја во Европа, со население од 46,4 милиони. Членка на НАТО е од 1982 г. и членка на ЕУ од 1986 година. Кралот е на чело на државата и е врховен командант на вооружените сили

директно се потчинети на началникот на Генералштабот. Во извршувањето на доделените мисии, тие се под оперативна контрола на командантот на оперативната команда. Времените оперативни состави имаат структура на команди и единици, определена од страна на началникот на Генералштабот.









Со Уставот е утврдено дека Владата е надлежна за одбрана на државата. Министерот за одбрана му асистира на претседателот на Владата во стратешкото планирање и ангажирањето на ВС и ја одредува одбранбената политика. Генералштабот е на ниво на државен секретаријат, тело задолжено за подготовка на силите, изготвување на воената доктрина и за формирање на здружени состави

**Копнена војска**

На чело на копнената војска е началникот на КоВ, и под негова команда се: Командата на КоВ; Командата на единици со висока борбена готовност со интернационален штаб, извидувачки полк, баталјон на воена полиција и команден баталјон; единици и состави на КоВ; Командата за Канарските острови (Шпански архипелаг во Атлантскиот Океан) - со пешадиска бригада и баталјон ПВО; Оддел за поддршка (сектори за човечки ресурси, за материјални ресурси и за финансии); Оперативната логистика (логистичка бригада и медицинска бригада).

Под директна команда на командата на КоВ се: дивизијата „San Marcial“, составена од 4 механизирани бригади; дивизијата „Castillejos“, составена од бригада легионери, падобранска бригада и пешадиска бригада; Командата за Балеарските Острови (Шпанскиот Архипелаг во западното Средоземно Море), со еден пешадиски баталјон и јадро за формирање баталјонска група; Командата за Сеута (Шпанска ексклава, воена база и пристаниште на брегот на Мароко, Гибралтарскиот Теснец), со легионерски баталјон, лесен пешадиски баталјон, оклопен баталјон, артилериски баталјон, инженериски баталјон и логистички единици; Командата за Мелила (Шпанска ексклава, воена база и пристаниште на северниот брег на Мароко), со легионерски баталјон, лесен пешадиски баталјон, оклопен баталјон, артилериски баталјон, инженериски баталјон и логистички единици; Командата за врски, која под своја команда има два полка за врски и еден полк за електронско војување; воздушно-десантни единици (команда, 5 хеликоптерски скводрони и логистичка група); Командата за артилерија (под своја команда има два артилериски и еден ракетен полк); Командата за противвоздушна одбрана – ПВО (под своја команда има три полка ПВО); Командата за инженерија (под своја команда има три инженериски полка); Командата за специјални сили; оклопен полк; полк АБХО.

Од вооружување и опрема поседуваат:
- пешадиско оружје: пушкомитралези 5,56мм Heckler & Koch MG4, 12,7мм Barrett, пушки 5,56мм G 36 E, пиштоли 19мм Heckler & Koch Parabellum, фрлачи на гранати 40мм SB-MI; противоклопни системи: 90мм LG C-90, 100мм Alcotan, 2K/2T Milan и Tow LWL; противавионски системи: 35мм 35/90 GDF-007, ракетни NASAMS, Patriot, Hawk SAM и Mistral; тенкови: Leopard 2E и M60A3 TTS; оклопни борбени возила: Centaur, ASCOD Pizarro, RG-31 Mk5E и BMR, VEC; артилерија:



Армијата е целосно професионална, но Владата го задржала правото да ги мобилизира граѓаните на возраст од 19 до 25 години, во случај на вонредна состојба. Регулирано е и доброволно служење на воениот рок. Тоа е овозможено за лица од 18 до 26-годишна возраст, за Шпанци или за имигранти со уреден статус. Обврската трае од 2 до 3 години. На жените им е дозволено служење во сите родови и служби на ВС, вклучувајќи ги и борбените единици

минофрлачи 81мм Urovesa & GMV, хаубици 105мм L118, OTO Melara, 155мм M-109 A5E, 52 APU SBT-1 и SBT SIAC.

## Воена морнарица

Шпанската морнарица, формирана во 15-тиот век, денес е составена од: Команда на ВМ; морнаричка флота, составена од: борбени бродови, марински корпус, воздухопловен винг, подморничка флотила; центар за обука и центар за доктрини; логистичка поддршка.
Наменета е за заштита и одбрана на националните и на меѓународните поморски води, заедно со партнерите и сојузниците.



## Воено воздухопловство

Мисијата на воздухопловните сили е одбрана на шпанскиот воздушен простор, како и придонес кон меѓународната безбедност со учество во мировни операции и хуманитарна помош. Се состојат од: Команда на ВВ; воздухопловни единици, составени од Команда на воздухопловните единици, Команда на борбените единици и Воздухопловна команда на Канарските Острови; единици за логистичка поддршка – Команда за персонал, Команда за логистика и Директорат за економски прашања.
Опремени се со: авиони: ловци Eurofighter Typhoon и Mc Donnell Douglas F-18 Hornet; транспортни Lockheed C-130 Hercules, Airbus C-295, A310, A400M, C-212 Aviocar и Falcon 900; за обука C-101 Aviojet, 33C Bonanza, C90 King Air, Northrop F-5M Freedom Fighter, Enaer T-35C Pillán и CN-235 (и морнарички извидувачки), за гасење пожари CL-215T/415; морнарички извидувачки/патролни Lockheed P.3 Orion; хеликоптери: борбени Eurocopter Tiger HA.28, транспортни Eurocopter HT-27, NH90, Chinook HT-17, AS.332 Super Puma и AS.532 Cougar (и за барање и спасување); за обука Eurocopter HE-26, EC-120 Hummingbird и Sikorsky S-76, повеќенаменски HA-15 Bolkow, Bell UH-1H.

## Одбранбени прашања

Буџетот за одбраната и за 2018 г. беше далеку од зацртаните 2% од бруто-домашниот производ (БДП), на ниво на Алијансата, и истиот изнесуваше 0,93%. Тој, сепак, од 2016 г. бележи раст, од 10 (0,81% од БДП) до 13,9

милијарди американски долари во 2018 година.
Армијата е целосно професионална, но Владата го задржала правото да ги мобилизира граѓаните на возраст од 19 до 25 години, во случај на вонредна состојба. Регулирано е и доброволно служење на воениот рок. Тоа е овозможено за лица од 18 до 26-годишна возраст, за Шпанци или за имигранти со уреден статус. Обврската трае од 2 до 3 години. На жените им е дозволено служење во сите родови и служби на ВС, вклучувајќи ги и борбените единици. Пензионирањето на персоналот е задолжително за персоналот на возраст од 45 до 58 години, во зависност од должината на работниот стаж.
Шпанија ги дефинира:
пролиферацијата на оружје за масовно уништување, трговијата со луѓе, пиратството, екстремистичките движења и кибернетичките cyber-напади, како сè пореални закани за



безбедноста на државата. Според ваквите процени, Министерството за одбрана ги презема потребните мерки за зајакнување на одбраната на државата, во неколку области:

**1. Национална одбрана**

- одржување на соодветни воени капацитети и способности кои овозможуваат извршување на доделените мисии и одвраќање на заканите по безбедноста на државата;
- понатамошна посветеност на државата на системот на колективна безбедност, со членство во меѓународните организации и активно учество во операции надвор од својата територија, со цел оддржување на својата позиција на меѓународната сцена;
- продолжување со напорите ВС да се приспособат на новите реалности и предизвици преку процес на постојана трансформација, со ефикасно користење на расположивите ресурси, особено човечкиот потенцијал;
- приспособување на ангажирањето на расположивите финансиски ресурси, со споделување на капацитетите со сојузниците, во рамките на меѓународните безбедносни организации;
- поттикнување на свеста и на културата на нацијата, како основа за поддршка на шпанската заедница на националната одбрана, со особено внимание на младите;
- зајакнување на структурата на одбранбената индустрија на Шпанија преку активности насочени кон соработка со националните производни капацитети.

**2. Борба против тероризмот**

Превенција: Дејствување против самите извори на тероризмот, со цел спречување регрутирање на нови сили преку процеси на радикализација, обезбедувајќи координирано дејствување на сите релевантни чинители. Во надворешната политика, Шпанија дава придонес кон политиката, која е усогласена и координирана со демократските земји, по можност во рамките на ЕУ. Во областа на cyber-просторот се прават напори да се спречи користењето на интернетот како средство за радикализација од страна на терористите, пропагирање и постигнување на нивните цели.
Заштита: Намалување на сопствената ранливост, со напори насочени кон намалување на можностите за извршување напади, со подобрување и зголемување на националните капацитети и способности (со поголема заштитата на чувствителните национални цели и подобрена гранична контрола).
Извршување: Спротивставување на терористички активности.
Способностите за прибирање разузнавачки податоци за терористите и нивните активности, се подобруваат со национална координација и надзор, со цел обезбедување поголема ефикасност на институциите.
Со усвоените мерки се спречува планирањето на акти на тероризам, нивното финансирање и пристап до материјалите потребни за извршување напади.
Одговор: Нормализирање на состојбите. Во случај на терористички закани од напад, планирано е преземање на неопходни мерки и планови за обезбедување координација на сите релевантни одговорни тела. Особено внимание е посветено на минимизирање на последиците и на итната интервенција за заштита на жртвите од терористички напади.

**3. Cyber-безбедност**

- подобрување на можноста за спречување, откривање, истражување и одговор на cyber-напади со помош на ефективна правна рамка. Планирано е поедноставување на процедурите и обезбедување на потребните ресурси, со посебен акцент на владините органи, критичната инфраструктура, воените и одбранбените капацитети и објектите од национален интерес;
- гарантирање на сигурноста на информатичките системи, комуникациите и инфраструктурните мрежи со зајакнување на способностите за откривање на заканите и подобрување на заштитата на класифицираните системи;
- подобрување на безедноста и издржливоста на информатичките и комуникациските технологии во приватниот сектор, со користење на мерки дизајнирани за зајакнување на соработката со владините институии;
- промовирање на обука за cyber-безбедност, наменета за професионалци;
- подигнување на свеста на граѓаните и на компаниите за cyber-безбедност;
- интензивирање на меѓународната соработка во насока на усогласување на иницијативите кои се однесуваат на cyber-просторот.

М.С.




# „REGEX 19“

Првата вежба во рамките на регионалната иницијатива се одржа во 2014 година во Турција, потоа наредните години во Грција, во Босна и Херцеговина, во Јордан и во Србија во текот на 2018 година. Ова е меѓународна регионална иницијатива, со можност една партнерска земја на НАТО од самиот почеток, сè до нејзината крајна реализација, да планира и да организира вежба со поддршка на Алијансата, а во согласност со барањата и стандардите за обука на НАТО. Иницијативата „REGEX“ ги поддржува целите на НАТО, а земјите-партнери ги запознаваат процедурите на НАТО преку градење доверба и разбирање за подобра соработка во регионот, со промовирање на интероперабилноста. Станува збор за земјите од Партнерството за мир (Partnership for Peace/PfP), Медитеранскиот дијалог (Mediterranean Dialogue/MD), Истанбулската иницијатива за соработка (Istanbul Cooperation Initiative/ICI) и Партнерите низ целиот свет (Partners across the Globe /PatG). Досега на планирачките процеси, учество зедоа претставници од 4 континенти во светот, односно 22 партнерски земји, како и 7 НАТО-членки, претставници од Здружената команда на НАТО во Неапол. Целта на Вежбата е обука и подобрување на оперативните способности на командите и единиците на земјата-домаќин и на партнерските земји за планирање и извршување на операциите за поддршка на мирот во реално време и во мултинационална средина. Станува збор за вежба на командно место, поддржана од компјутерски асистирани симулации, со сценарио за операции за поддршка на мирот, водени од НАТО и од ООН. За целото време НАТО-алијансата обезбедува менторска поддршка за сите работилници при планирање на вежбата, како и за време на реализација на Вежбата при организирање и делување на една мултинационална бригада, во согласност со процедурите и стандардите на НАТО. Командата на здружените сили на НАТО во Неапол е директен учесник во Вежбата, односно ги планира и ги спроведува работилниците во соработка и во координација со земјата-домаќин.

## Финални подготовки на Вежбата

Пред започнување на Вежбата, од страна на директорот на Вежбата, полковникот




Вежбата „REGEX“ (Regional Exercise) е резултат и продолжување на воената соработка на неколку земји во рамките на регионалната иницијатива започната во 2013 година. Оваа вежба е прва од ваков тип која се реализира во нашата држава, воедно досега и најбројна, од аспект на инволвираност на повеќе држави во текот на подготовката и реализацијата на вежбата. Се спроведува во согласност со стандардите на НАТО, со експертска и финансиска поддршка на Командата на здружените сили на НАТО во Неапол, Италија

Звонко Мајсторски, беа дадени насоки за реализација на дефинираните целите на Вежбата и за обуката, со цел да се задоволат специфичните потреби за обука на партнерите на НАТО, да се изгради меѓусебно разбирање помеѓу партнерите, како и да се зајакне регионалната соработка, мирот и стабилноста. Ова е во насока на подобрување на нивото на интероперабилност на силите и единиците на регионалните партнери во мултинационална средина, преку донесување на одлуки на штабот на Мултинационалната бригада и имплементирање на одлуките во програмата за Здружен конфликт и тактичка симулација со симулациската програма (Joint Conflict and Tactical Simulation Enhancements - JCATS).
Во контекст на ова, на почетокот на септември во Скопје се реализираше шестата НАТО-регионална работилница за Вежбата. Директорот на Вежбата, полковник Звонко Мајсторски, ги поздрави присутните и им се заблагодари за големиот одѕив за учество на активноста, а потоа офицерот со примарна одговорност, потполковникот Драган Павловски, ги презентираше информациите за моменталната состојба на планирачкиот процес и предвидените активности за претстојната работилница. За време на работилницата се реализираа повеќе активности, меѓу кои: работа по синдикати во однос на планот за вежбата, оперативниот план, финализирање на целите на вежбата и на обуката со претставниците на партнерските земји и претставници од Здружената команда на НАТО за мултинационалната вежба „REGEX 19“. Воедно, се реализираше дефинирање на листата на главни настани и инциденти за Вежбата, дефинирање на листата на учесници во фазата на извршување од страна на земјите-учеснички, како и развивање и дефинирање на сценариото, притоа најавувајќи ја следната фаза од планирачкиот процес за вежбата – тренинг на клучниот персонал и реализација на Вежбата во октомври во Центарот за симулации во Велес.
Во текот на наредниот период се планираат активности поврзани со обука на клучниот персонал, организација на Денот за високи гости и дефинирање на протоколарните активности, подготовка за информирање на медиумите и сублимирање на останатите активности кои се неопходни за успешна реализација на Вежбата.

## Реализација на Вежбата и Денот за високи гости

Во пресрет на вежбата „REGEX 19“, во касарната „Алексо Демниевски Бауман“ во Велес започна обука на клучниот персонал на наведената вежба. Офицерот од примарна одговорност, во координација со кодиректорот на Вежбата, Јонче Лазаревски, тежиштето на оваа активност го насочи кон обука на персоналот за настани со кои ќе се сретнат во текот на изведувањето на Вежбата, пред сè обуки



од доменот на безбедноста, планирање на вежби, логистика, цивилно-воена соработка, медиа-тренинг и родова безбедност. Во процесот на подготовка за реализација на вежбата се изврши детаљно запознавање со структурата на Мултинационалната бригада, со оперативниот план и оперативната наредба за ангажирање на единицата. Обуката на клучниот персонал на вежбата беше последна во низата работилници со која се изврши подготовка за вежбата „REGEX 19“, со цел оспособување и извежбување на штабниот персонал на бригадно ниво за работа во мултинационална средина, во согласност со НАТО-стандардите и процедурите при планирање и водење на мировни операции предводени од НАТО.
На свеченоста организирана по повод отворањето на вежбата, командантот на Здружената оперативна команда, генерал-мајор Павле Арсоски, во оваа пригода изјави дека дадената одговорност – тој лично да биде офицер кој ќе ја реализира една од двете најголеми вежби кои досега се изведоа во нашата држава во 2019 година, за него претставува огромна чест. Генералот го истакна значењето на оваа вежба како можност за поддршка на НАТО, за земјите да имаат специфични обуки за нивните единици и да ги доведат нивните способности до ниво со кое успешно ќе одговорат на моменталните предизвици во областите каде треба да се одржува безбедноста, мирот и стабилноста во регионот и подалеку.
Во реализацијата на Вежбата зедоа учество припадници од 14 држави од Партнерството за мир, Медитеранскиот дијалог, Истанбулската иницијатива за соработка и Партнерите низ целиот свет (Африканската унија, Алжир, Босна и Херцеговина, Колумбија, Египет, Грузија, Јордан, Молдавија, Мароко, Катар, Србија, Тунис, Украина и Обединетите Арапски Емирати), претставници од земјата-домаќин, односно од Армијата на Република Северна Македонија, како и припадници од Франција, од Грција и од Шпанија, како земји-членки на НАТО од Здружената команда за операции на НАТО во Неапол, во улога на ментори и надгледувачи на процесот на планирање и реализација на Вежбата, во согласност со Директивата за колективна обука и вежби. Вежбата се одржа во Центарот за симулации во Командата за обука и доктрини во касарната „Алексо Демниевски-Бауман” во Велес. Новиот Центар за симулации предвидува поддршка на обуката на командите и единиците преку планирање, организација, координација и менаџирање на спроведувањето на командно-штабните вежби до ниво на бригада. За вежбата беше изработена листа на настани и инциденти кои, меѓу другото, опфатија настани од процесот на донесување одлуки, спроведување на операции за логистичка поддршка на силите, воспоставување и употреба на информации и комуникации, спроведување на безбедносни операции, операции за цивилно-воена соработка, информативни операции и слично.
На свеченоста на Денот за високи гости присуствуваа министерката за одбрана и заменичка на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Радмила Шеќеринска, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, заменик-началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Азим Нуредини, командатот на Здружената оперативна команда, генерал-мајор Павле Арсоски, командантот на Секцијата Ј-9 во Здружената команда на сојузничките сили на НАТО во Неапол, бригаден генерал Реихард Клос (ACOS BGEN, Reinhard KLOSS), претставници од НАТО, високи гости од земјите-учесници на вежбата „REGEX 19“, акредитирани воени аташеи, претставници од Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието, претставници од локалната самоуправа, бројни новинарски екипи и останати гости.
Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, во своето обраќање изјави дека, покрај теренските вежби, армијата со вежбата „REGEX 19“, која е прва од таков вид во нашата земја, покажа и поинаков капацитет, односно дека можеме да бидеме ефикасни и во однос на финансиските средства, но и дека имаме знаење да ги искористиме и техничките капацитети на Центарот за симулации за да вежбаме во симулирана, компјутерска средина. Во оваа прилика министерката го истакна и мултинационалниот карактер на Вежбата, притоа заблагодарувајќи им се на партнерските земји кои се вклучија во процесот на планирање на Вежбата, како и на менторството од страна на земјите-членки на Алијансата. На крајот, министерката изјави дека сите ние веруваме во капацитетите на Армијата и оти сме убедени дека ќе одговориме на предизвикот кој го носи членството во Алијансата.
Командантот на Здружената оперативна команда, генерал-мајор Павле Арсоски, во својот говор ја искажа импресијата од големата различност на земјите-учеснички, како и од тоа што ова е редок пример во кој тренерите и оние што тренираат доаѓаат од различни страни на светот. „Оваа вежба, нагласи генералот, е доказ за подготвеноста и интероперабилноста на Република Северна Македонија – како идна, триесетта членка на НАТО-алијансата“.



Драган Павловски



# Примопредавање на должноста командант на КОД

Преземањето и командувањето со КОД на бригадниот генерал Методи Хаџи Јанев му е доверено со Указ на претседателот на државата и врховен командант на Армијата на Р. Северна Македонија, Стево Пендаровски, од 10 октомври 2019 година. На свеченоста присуствуваа началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, заменик на началникот на ГШ на армијата, генерал-потполковник Азим Нуредин, командантот на Здружената оперативна команда, генерал-мајор Павле Арсоски, генерали во Армијата и други гости. Началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, од свечената говорница искажа благодарност до Љубенчо Петровски, досегашниот командант на КОД, за неговата  работа, а воедно му посака и успешна работа на новиот командант, бригадниот генерал Методи Хаџи Јанев.
Досегашниот командант, полковник Љубенчо Петровски, во своето обраќање до присутните на свеченоста, истакна  дека тој во текот на неговата работа  се раководел според законите и прописите, се трудел неговиот однос секогаш да биде професионален и оти настојувал да го обедини искуството на постарите колеги со идеите и кретаивноста на помладите.
Тој им се заблагодари на сите

Во салата на Војничкиот клуб на Командата за обука и доктрини – КОД при велешката касарна, на 16 октомври  се изврши свечен  чин на примопредавање на должноста командант на КОД, од десегашниот командант, полковникот Љубенчо Петровски, на новиот командант, бригадниот генерал Методи Хаџи Јанев, кој на оваа нова функција дојде како командант на Полкот за специјални операции

припадници на КОД кои, како што истакна, заедно со него несебично се вложија во оваа единица, за таа да биде препознаена од страна на сите припадници на Армијата и да го добие вистинското место, поддржувајќи ја изградбата на борбената готовност на единиците и на армијата во целост.
Во своето обраќање, новиот командант на КОД, бригадниот генерал Методи Хаџи Јанев, истакна дека му претставува огромна чест и задоволство да застане на чело на КОД, која е една од клучните структури на воената формација и која треба да биде онаа којашто ја испорачува командата на операции.
– Мојата визија за раководењето на оваа единица ќе се насочи кон три работи: прво, да го задржиме сето она што е досега постигнато, второ, да дадеме придонес во подготвувањето на процесот на трансформацијата, односно како треба да се развива Командата за обука и доктрини  и, како трето, сакам да понудам иновативност во деловите каде што тоа недостасува. Воедно, ќе ја зголемиме будноста и ќе го зголемиме опсегот на работа во Центарот за обука со питомци – потенцираше бригадниот генерал Хаџи Јанев.
Тој, воедно, најави дека во делот на иновативноста на Центарот за симулации, како КОД ќе се обидат да се поврзат со програмата „Неапол“ за наука и за мир.
– Максимално ќе се потрудам да донесувам паметни одлуки за да успееме да ги искористиме фондовите што ги нуди НАТО, а не само членството во оваа Алијанса – најави новиот командант на КОД, бригадниот генерал Методи Хаџи Јанев, во своето обраќање од свечената говорница. Бригадниот генерал Методи Хаџи Јанев, го презеде знамето на единицата, а на тој начин и официјално го презеде командувањето со КОД.

Антоанела Димитриевска



# Интереси на партнерите во војна

Интересот како варијабла е една од главните причини за војна. Траен интерес на секоја држава е мир и безбедност. Кога интересите се спротивставени, доаѓа до конфликт и доколку не се надмине без насилство, тоа може да стане причина за вооружен конфликт

Низ историјата, различни страни бараат пријателство преку слични или исти интереси. Речиси и да нема војни во кои немало некаков вид на сојуз или коалиција. Исти интереси создаваат заеднички цели и кога тоа ќе се обедини во заедничка стратегија, се создаваат сојузи или коалиции. Националните интереси на државите се преточуваат во национални политики и стратегии кои може да бидат многу различни меѓу партнерите во коалициски операции. За да се развие одржлива коалициска стратегија, од посебно значење е насочување на политиките на партнерите кон јасно дефинирана заедничка крајна цел. Ова се прави преку синхронизирање на оперативната вештина, т.е. средствата и методите за да се постигнат целите на коалицијата. Затоа националните интереси, иако различни, не смеат да бидат до толку спротивставени да не може да се усогласат околу најважните прашања.
Националната политика на секоја држава се води од нејзините национални интереси. Државите кои се идентификуваат како „западни“, неопходно мора да дејствуваат на глобално ниво за да ја заштитат демократијата на нивните развиени општества како приоритетен интерес. Тоа е причината зошто демократските држави се здружени преку заедничкиот интерес да ги добијат и зачуваат економски можности ширум светот, особено во региони кои се под влијание на нивните традиционални противници. Се смета дека економските интереси се загрозени доколку тоталитарни режими или други недржавни актери имаат контрола врз држави или цели региони и на тој начин ги прават небезбедни за западното присуство. Уште поважно, во светот има неколку т.н. пропаднати држави под контрола на режими кои нудат безбедно засолниште за терористи или го





Националната политика на секоја држава се води од нејзините национални интереси. Државите кои се идентификуваат како „западни“, неопходно мора да дејствуваат на глобално ниво за да ја заштитат демократијата на нивните развиени општества како приоритетен интерес

спонзорираат тероризмот, користејќи го како алатка за спротивставување на западните интереси. Ова е главната причина поради која употребата на сила за да се заштити демократија се смета како оправдана политика. Истовремено, голем број на државни и недржавни актери се конкуренти на западниот начин на живот и ширењето на демократијата го сметаат како закана за сопствените интереси. Нивниот наратив е обратен од западниот, и тие сметаат дека треба да го направат светот да биде безбеден од западното влијание, за кое сметаат дека е штетно. Оттука потекнува изреката „запад против останатите“. Историски гледано, унилатералната акција често се покажала како неуспешна, поради што легитимноста на употребата на сила одамна стана императив за демократијата. Затоа, водечките нации на Запад секогаш тежнеат да се борат во сојуз или коалиција со што е можно повеќе партнери без оглед на составот и јачината на силите со кои учествуваат. Што повеќе знамиња на јарболот, толку подобро за легитимноста на здружената борба. Во периодот по Втората светска војна, нема случај вистински демократски држави меѓу себе да биле во вооружен конфликт. Или западните држави трајно ги решиле своите разлики или демократиите навистина не одат во војна едни со други. Ова се должи на фактот што Западот постигна културна компатибилност, бидејќи повеќето социјални, економски и политички прашања се утврдени како стандарден сет на вредности. Новите партнери во НАТО и во ЕУ од Источна Европа повремено покажуваат знаци на отпор кон одредени западни норми и се обидуваат да ги зачуваат своите традиционални вредности. Но, тие не се толку спротивни и не претставуваат културна закана за западниот начин на живот. Постојат други, културно некомпатибилни општества низ светот кои не само што ги доведуваат во прашање западните норми, туку ги сметаат и како закана за нивните вредности. На пример, многу често антизападните ентитети ја сметаат западната толеранција како слабост и знак на морална декаденција. Многумина веруваат дека современиот тероризам кој стотици групи и организации го активираше противзападното влијание на глобално ниво, што е одговор на ширењето на западната култура за која сметаат дека е некомпатибилна со нивните системи. Интересот за проектирање на европската култура не е нова политика туку има корени од времето на колонијализмот. Да се направи светот културно компатибилен, значи да се направи да биде безбеден за западниот начин на живот. Оваа идеја сè уште е присутна, бидејќи западното лидерство се обидува да ги прикаже западните вредности како модел на идното општество преку промовирање на слободата како универзална вредност. Затоа, денешната војна против теророт се третира како војна меѓу некомпатибилни култури. Историски гледано, западните држави отсекогаш ја користеле воената моќ како алатка за да ја развијат својата економска моќ, така што вредноста на нивните вооружени сили е во постојана рамнотежа со нивното буџетирање. За да се одржат скапите војски, потребно е да се оправда нивната полезност. Западните држави ги третираат своите војски како клучен сегмент во нивното општество, бидејќи само со поседување сурова воена сила државите може да го гарантираат мирот и просперитетот. Сепак, фактот што многу држави немаат директна закана, а се ангажираат за мир во светот, покажува



дека нивните војски служат и за проекција на моќ. Мировните операции се еден од методите за глобално присуство и ширење на западниот сет на вредности, демократија и концептот на универзална слобода. Освент тоа, во регионите зафатени со конфликти секогаш има економски можности во постконфликтната фаза. За да се остане и влијае долгорочно во регионите во однос на традиционалните противници со исти амбиции, потребен е заеднички напор на партнерите.
Искуствата од минатите војни покажуваат дека секогаш кога западните држави се борат заеднички во сојуз или коалиција, најголемите тежнеат да придонесат со повеќе сили за да ја проектираат својата лидерска моќ. Дури и меѓу нив постои конкурентност за клучната лидерска

Помалите држави ја одржуваат својата внатрешна безбедност и надворешната политика како сопствен национален интерес преку следење на лидерите во одржување на глобалната безбедност. Да се биде дел од меѓународната заедница значи постојана вклученост во нејзините прашања. Преку придонес во сојузи и коалиции тие ја демонстрираат нивната одлучност во прифаќање на западниот сет на вредности и норми



позиција. Во меѓународни здружени операции учеството со големи сили значи проектирање на национална моќ во самата коалиција. Интересот да се стекне почит меѓу пријателите е подеднакво важен како и стекнување на почит кај непријателите.
Помалите држави ја одржуваат својата внатрешна безбедност и надворешната политика како сопствен национален интерес преку следење на лидерите во одржување на глобалната безбедност. Да се биде дел од меѓународната заедница значи постојана вклученост во нејзините прашања. Преку допринос во сојузи и коалиции тие ја демонстрираат нивната одлучност во прифаќање на западниот сет на вредности и норми. Исто како и лидерите, следбениците ги штитат своите интереси со инвестирање во стратешко партнерство и учество во глобалната политика. И на едните и на другите подеднакво им се важни мирот, безбедноста и економските можности на своите граѓани. Разликата е во секундарните национални крајни цели или придобивките од таквата симбиоза.
За учество во здружени операции, помалите партнери обично очекуваат индиректни придобивки како, на пример, гаранција за безбедност и поволни економски можности. Бидејќи обично има една или две големи водечки нации, договорените придобивки понекогаш се билатерални. Но, постојат и примери кога мотивот на помалите држави за учество произлегува како нужна потреба поради реална закана од

стратешките противници на водечките партнери. Тие очекуваат одредена политичка, економска и воена поддршка за нивната лојалност кон стратегија на лидерите. За возврат, од нив се очекува да ги поддржат политиките на лидерите затоа што им гарантираат мир, стабилност и економски можности. Интересот за градење на стратешко партнерство е поголемо кога помалите држави се под директна закана.
Западната филозофија ветува дека вистинските демократии не одат во војна едни со други. Малите држави кои за стратешка определба имаат за цел интеграција во поголемо „јато“, ја следат таа логика како начин за постигнување на трајна домашна стабилност. Исто така, во случаи кога државите меѓусебно имаат безбедносни проблеми во нивниот регион, тие гледаат на здруженото стратешко партнерство како на метод за гаранција на стабилни односи. Во многу региони во светот има феномен на постојана потреба од „татковска фигура“, која е културолошки вградена во начинот на размислување на помалите народи. Историски гледано, поголемите земји влијаеле на цели региони, ги формирале националните граници, склучувале мировни договори и ги помирувале споровите меѓу помалите народи.
Тие имаат голем интерес да станат дел од Западот преку прифаќање на западните начини, дури и ако е тоа на сметка на нивната традиционална култура. Постигнување и демонстрирање на културна компатибилност е патот да се биде прифатен во поголемото јато. Постои дури и конкуренција меѓу помалите држави во обидот да се импресионира истиот стратешки партнер, со цел да постигнат подобри позиции во меѓусебните односи. Бидејќи Западот ги смета незападните култури како можна пречка за интеграција, интересот на оние кои бараат интеграција е да се дистанцираат од другите влијанија. Усогласување со западната култура стана услов, а интересот од соработка е поголем доколку постои влијание на други доминантни актери кои се некомпатибилни со западните.
Кога учествуваат во меѓународни воени операции, помалите држави ги испраќаат своите војници како амбасадори кои треба да се вклопат во коалициските сили. Самото присуство има голема придобивка за обете страни. Колку повеќе време поминуваат заедно, толку повеќе стануваат покомпатибилни со Западот. Во изминатите две декади, помалите членки на НАТО и нејзините партнери дадоа значителна поддршка и придонес во операциите во Ирак и во Авганистан. Обично помалите држави немаат капацитети да упатат големи сили на бојното поле. Затоа, на сметка на квантитетот, тие обично нудат квалитет и учествуваат со мали специјализирани сили кои имаат поголем импакт, како извидувачи, тимови за деминирање, специјални сили итн. Упатување на мали сили кои имаат конкретна улога е корисна за здружената борба, бидејќи претставува максимизирање на напорот. Таквиот оперативен пристап на малите сили стана практика во овие операции и веројатно ќе ги обликува сите идни коалиции: мали партнери кои нудат уникатни способности, што ќе го заменат отсуството на голема сила што реално не може да ја обезбедат.
На крајот, во здружени мултинационални операции, малите држави учествуваат со специфичен ментален склоп. Додека некои војски мора да ги едуцираат своите војници да размислуваат критички и креативно, за малите тоа е вродена потреба. Малите војски имаат развиено приспособен и флексибилен начин на размислување, бидејќи импровизираат на дневна основа. Нивните единици се обучени да работат со ограничени ресурси и успеваат да ги приспособат своите потреби на она што го имаат. Доктрината на помали очекувања и помалку комфор обично е својствена за војски кои имале искуства во нерегуларното војување. Овој начин на размислување може да ги зајакне напорите на здружената борба доколку партнерите кои ги нудат овие способности се соодветно искористени против хибридни закани на современото бојно поле.

Ѓорѓи Вељовски



На 10.10.2019 година во Центарот за обука „Д-р Џозеф Крузел“ во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје беше реализирана специјализирана обука-семинар на тема „НАТО-фамилијаризација“. На Семинарот учествуваа вработени од неколку сектори во Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и од Генералштабот. Целта на Семинарот беше учесниците да се запознаат со тоа каква организација е НАТО и кои се нејзините цели и задачи. Семинарот беше отворен со вовед во темите, презентирани од петмина предавачи





# „НАТО-фамилијаризација“

Првиот предавач беше Милан Јаниќијевиќ, советник во Одделението за НАТО – СМС. Тој го презентираше воведниот дел во НАТО. Нè запозна со формирањето на НАТО-алијансата по Втората светска војна, односно на 4 април 1949 година, зошто е формирана НАТО-организацијата, потоа со Маршаловиот план и НАТО, донесен некаде помеѓу 1947 и 1952 година, кој бил финансиран од САД. Предавачот Јаниќијевиќ објасни во неговата презентација дека НАТО е политичко-воена алијанса, односно организација која има политичка, воена и невоена димензија, со цел колективна одбрана и создавање трансатлантска врска. Потоа зборуваше за активностите на НАТО (донесување одлуки и консултации, учество во мисии и операции, за партнерите на НАТО: ПзМ, Медитеранскиот дијалог, Истанбулската иницијатива итн.), за нејзината организација и структура и за Стратегискиот концепт на НАТО.
Вториот предавач,Јане Стефаноски, раководител на Одделението за НАТО, зборуваше за трансформацијата на НАТО во периодот од 2014 до 2019 година, кога НАТО се фокусира надвор од своите граници – кризен менаџмент,колективна одбрана, потоа за соработката помеѓу НАТО и ЕУ, за Самитот на НАТО во 2016 година, за НАТО-иницијативата за готовност, одвраќање и одбрана – Readiness Initiative (RI), која има цел зголемување на способноста на Организацијата.
Третиот предавач беше полковникот Димче Букрески од Секторот за политика и планирање, кој својата презентација ја започна со Северноатлантскиот договор од 1949 година, член 3, каде се вели дека „земјите-потписнички на Договорот, посебно и заеднички ќе ги одржуваат и ќе ги развиваат капацитетите на Северноатлантската алијанса“. Потоа продолжи со презентирање на индивидуалните и колективните способности на НАТО, со цел спротивставување од вооружен напад. Исто така, зборуваше и за политичките насоки кои се донесуваат на секои 4 години, за преземените чекори во процесот на одбранбеното планирање на НАТО.
Четвртиот предавач беше Владимир Поповски, советник во Одделението за НАТО, кој зборуваше на тема „Република Северна Македонија на патот кон НАТО“. Тој ги образложи интегративните чекори на НАТО, поканата за членство за пристапен процес и ратификацијата на Пристапниот протокол за членство на Република Северна Македонија во НАТО.
Последниот, петти предавач, потполковникот Страшо Стојчевски, советник во Одделението за НАТО, зборуваше за НАТО-предводените операции. Тој најпрво нè воведе во темата, потоа ги наброи и ги образложи сите досегашни НАТО-операции и мисии, зборуваше за придонесот во НАТО-предводените операции и даде посебен осврт на нашето учество и на придонесот на Република Северна Македонија во мировните мисии. Дванаесет земји од двете страни на Атлантикот ја формираа Организацијата на Северноатлантскиот договор со водечка цел – да се креира пакт за помош во спротивставување од ризикот од обидот на Советскиот Сојуз да ја прошири својата контрола во Источна Европа и на други делови на континентот. Исто така, од страна на предавачите беа објаснети активностите на НАТО, нејзините партнери, меѓународни организации – ООН, ЕУ, ОБСЕ. НАТО-алијансата брои 29 земји-членки, а наскоро се очекува Република Северна Македонија да биде дел од фамилијата на НАТО, односно да стане 30-тата земја-членка. Сите предавачи имаа извонредни и исцрпни презентации, беа поставувани прашања од страна на учесниците на Семинарот, а предавачите исцрпно и професионално се трудеа да одговорат на поставените прашања, задоволни од покажаниот интерес за темата на овој семинар.
Се надевам дека Центарот за обука сè почесто ќе организира вакви едукативни специјализирани обуки и семинари за вработените во Министерството за одбрана и Генералштабот.

Ксенија Митева




# Подготовка на регионален прирачник во функција на родовата перспектива

На 17 септември во Нови Сад, Република Србија, се одржа Регионален состанок на Работната група за развој на „Регионален прирачник за спречување на родово-базирана дискриминација, сексуално насилство и вознемирување во министерствата за одбрана и во армиите на вооружените сили на земјите од Западен Балкан“, во организација на UNDP/SEESAC, на кој учествуваа членови од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Оваа активност претставува резултат на одлично воспоставените партнерски врски помеѓу министерствата за одбрана на земјите од Западен Балкан и UNDP/SEESAC, како и продолжение на започнатите чекори во рамките на втората фаза од проектот „Зајакнување на регионалната соработка за родова интеграција во реформите на безбедносниот сектор на Западен Балкан“.

Заинтересираните страни заеднички ја препознаа потребата од изработка на еден ваков прирачник којшто ќе биде олеснителна алатка преку која ќе може подобро да се запознае законската регулатива сублимирана на едно место, механизмите за заштита и спречување на родово-базирана дискриминација, сексуално насилство и вознемирување, преку практични примери и гледано како се имплементира родовата перспектива во агендата за одбрана и безбедност.Номинираните лица за работа во работната група, всушност, ќе бидат авторите на Прирачникот, а истиот ќе биде изработен под надзор и менторство на надворешен консултант и стручен соработник, ангажиран од страна на UNDP/SEESAC.

Визијата за изработка на овој прачник, главно е рефлексија на следниве дискутирани теми: опфат и презентација на меѓународните документи и политика за родова еднаквост; анализа за имплементацијата на родовата еднаквост и родовата перспектива; до кое ниво е превенцијата преку подигање на свеста, преку реализација на различни обуки во форма на работилници, семинари и курсеви; појаснување на механизмите за интерна заштита од вознемирување во системот на командување и контрола, како и на механизмите за заштита од трето лице надвор од системот; анализи на наставните планови и програми за обука за родова еднаквост; Национален акционен план за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325 – Мир, жени и безбедност; правата и обврските во контекст на горенаведеното, на интерно, на национално и на меѓународно ниво.

Прирачникот би бил од големо значење бидејќи еден од клучните приоритети е да се спречи родовата дискриминација, сексуалното насилство и вознемирување, со цел да се обезбеди работна околина без дискриминација и за мажите и за жените, а воедно да се почитуваат човековите права.

Прирачникот ќе биде во функција на зајакнување на капацитетите и на механизмите за поплаки од вознемирување и подигање на свеста на персоналот во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија. Исто така треба да се нагласи континуираната продуктивна регионална соработка на ова поле со земјите од Западен Балкан, којашто започна во 2012 година со имплементација на првата фаза на проектот, „Родова еднаквост во војската“, за поддршка на реформите во безбедносниот сектор.

Антониела Станковска-Будимир





## Менторска иницијатива

# „ЖЕНИ за ЖЕНИ во јавниот сектор“

Министерството за труд и социјална политика и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, започнаа со спроведување на менторска програма „Жени за жени во јавниот сектор“. Оваа програма е наменета за жените коишто се во редовен работен однос во државните јавни институции во земјата и има цел да ги зголеми можностите за личен и професионален развој на жените преку создавање концепт на меѓусебна поддршка, споделување на знаења и искуства, како и јакнење на солидарноста и вмрежување помеѓу жените



Програмата „Жени за жени во јавниот сектор“ се базира исклучиво на концептот на доброволен ангажман и личен ентузијазам на кандидатките, а нивната посветеност и подготвеност се клучен фактор за успех на менторскиот однос. Програмата вклучува обуки за менторки и менторирани жени (менторини), градење на односот менторка–менторина и нивна меѓусебна работа, заеднички настани и споделување на искуства. Во јуни оваа година беше објавен повик за учество во менторската програма, отворен за 19 инстутуции на централно ниво, меѓу кои и за Министерството за одбрана.

Преку транспарентен процес беа избрани 16 менторки и менторини, кои следеа обуки за вовед во програмата и менторството. Во периодот од 16 до 18 септември се одржа првата интензивна обука за менторки. Првиот ден се состоеше од обука за родовата еднаквост – основни концепти. Поздравни обраќања имаа претставничките на Мисијата на ОБСЕ и државната секретарка на Министерството за труд и социјална политика, м-р Јована Тренчевска. Нина Шуловиќ-Цветковска од Одделението за демократско управување при Мисијата на ОБСЕ во Скопје, обучувачка со завидно реноме, на лесен, разбирлив и јасен начин, сите нас нè запозна со родовите концепти. Обуката ги опфати: поимот и разликата помеѓу родот и полот; значењето на стереотипите и предрасудите; разбирањето на родовата еднаквост и правичност; светската статистика на економскиот родов јаз. Интересни се истражувањата од Државниот завод за статистика за процентуалното учество на жените и мажите во образованието и на пазарот на трудот во земјава, со зачудувачки




**Поставување цели**



податок дека 59% од дипломираните студенти и магистри на науки се жени, 57% од докторите на науки, исто така се жени, но дури 75% од работодавците се мажи (податоците се за 2017 година). Дел од обуката се состоеше и во интерактивно учество на идните менторки, каде во групи се консултиравме, забележувавме и презентиравме на зададените теми. Во следните два дена, обуката беше насочена кон интензивно подготовка за менторската улога. За овој дел од програмата, обучувачките Валбона Морина Максут и Весна Кардалевска, стручно и посветено нè воведоа во светот на менторството. Што значи да се биде менторка, видови на менторство, кои се задачите и клучните улоги на една менторка и што таа треба или не треба да прави, се само дел од темите со кои бевме запознаени. Обучувачките ни ги презентираа техниките на активно слушање, комуникациските вештини (како да бидеме сигурни дека менторината правилно нè разбрала, создавање на безбедна средина каде комуникацијата ќе се одвива непречено, а насоките на менторките правилно ќе се разберат), како и со техника за препознавање на комуникациски модел. И овој дел од обуката се одвиваше интерактивно, со вежби и внимателно следење и со применување на стекнатото знаење – имавме задача да одредиме на кој комуникациски тип спаѓа посочената личност. Ова се техники кои би требало сите да ги совладаме во текот на животот. Обучувачките ни предадоа знаење и вештини кои ќе ни користат во различни фази од менторскиот циклус – од тоа како да ги организираме индивидуалните менторски состаноци со менторините, преку тоа како да се постават целите што треба да се исполнат, кои алатки да се користат и како да се оценат менторските состаноци. Енергијата којашто се разви

> Со цел да се обрати внимание на родовата нерамноправност при користење на термините со родова сензитивност во правописот на македонскиот јазик, ние ги употребувавме во женски род – **менторки, менторини, државна секретарка, обучувачка...**

во текот на тие три дена, помеѓу нас, идните менторки, беше позитивна и пријателска, се здобивме со чувствуво на солидарност и припадност на таа група на искусни и моќни жени. Без оглед што живееме во патријархално општество каде секој поединец треба да вложи уште многу работа и напор во надминувањето на родовата нерамноправност, се стекнав со впечаток дека работите се одвиваат во позитивна насока. Се создадоа пријателства помеѓу нас жените, впечатоци полни со ентузијазам, емпатија и желба да го пренесеме своето долгогодишно работно искуство. Помеѓу сите жени се развија нераскинливи пријателства, чувство на соработка и на заемна помош.

Програмата продолжи со посебна обука и на менторините, по која на крајот на месец септември се случи и првата средба на менторките и менторините, каде беа споени во парови и беа направени првите состаноци. Со тоа започна менторската релација. Секој пар постави цели за постигнување преку менторскиот процес, договорија како и каде ќе се одржува менторската релација и се утврди ритамот на одржување на менторските средби. Менторскиот циклус ќе трае до јуни 2020 година, а ќе се заокружи преку завршна средба за евалуација на процесот и доделување на сертификати за учество во Програмата. Целиот овој процес се одвиваше со поддршка и следење на претставниците на ОБСЕ.

*Графичките елементи кои се користени во овој текст се преземени од презентацијата „Родова еднаквост – основни концепти“ на Нина Шуловиќ-Цветковска и од презентацијата „Менторство – основни вештини“ на Валбона Морина Максут и Весна Кардалевска. Мапата на менторскиот процес е производ на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.*

Марија Јанкова










# СВЕЧЕНО ПРОСЛАВЕН ДЕНОТ НА БА

Во касарната „Илинден“, со воена свеченост, припадниците на Баталјонот на Воената полиција (бВП), го одбележаа 29 Октомври – Денот на Баталјонот на Воената полиција. На воената свеченост присуствуваа командантот на Командата за операции, генерал-мајор Павле Арсоски, командантот на Командата за обука и доктрини, бригаден генерал Методи Хаџи Јанев, раководителот на ССВБиР, полковник Горан Василевски, команданти од единиците на Армијата, поранешни команданти, поранешни припадници на единицата, како и претставници од локалната самоуправа, јавни и приватни претпријатија и останати гости. Пред присутните свое обраќање имаше генералот Арсоски, кој истакна дека благодарение на професионалноста, одговорноста и ефикасноста на припадниците на единицата, успешно се извршуваат задачите за обезбедување објекти и лица, одржување на воениот



# АТАЛЈОНОТ НА ВОЕНАТА ПОЛИЦИЈА

ред и дисциплина, спречување на криминалитетот во одбраната, како и ангажирање околу поддршката во справувањето со мигрантската криза. Во своето обраќање, командантот на Баталјонот на Воената полиција, потполковник Кире Николовски, истакна дека во изминатиот период успешно се извршени голем број задачи поврзани со мисијата на единицата – учество на меѓународна воена-полициска вежба „Зад хоризонтот“ во Република Бугарија и учество на сите домашни вежби. Пожртвуваноста, професионалноста, подготвеноста и знаењето на припадниците на бВП се признати од сите домашни и странски партнери, за што секојдневно се добиваат голем број на пофалби и признанија.

По повод Денот на единицата беа прочитани честитки за Денот на единицата и беа доделени стимулативни мерки за припадници од бВП за остварените резултати во работата.



# Празнични денови во кумановската касарна

Сончевите октомвриски денови само ја надополнија празничната атмосфера во кумановската касарна на 14-ти и на 17-ти октомври. Високи гости, раководства на Армијата, локални власти, но и граѓани, присуствуваа на свечености кои ги организираше Здружената оперативна команда и касарната „Боро Менков“, по повод Денот на единицата и патронатот на Касарната. Ова претставуваше можност да се слушнат успесите, да се укаже на предизвиците, да се остварат и неформални средби, но и да се воспостави соработка.

Здружената оперативна команда (ЗОК) со воена свеченост во кумановската касарна го одбележа Денот на единицата. Свечената атмосфера, во комбинација со презентација на единиците, ја надополнија високите гости, претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Вооружените сили, Стево Пендаровски, министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, генералите во Армијата, поранешни команданти на оваа команда, претставници од Министерството за одбрана и Генералштабот, поранешни команданти на ЗОК, претставници од локалната самоуправа.

Командантот на ЗОК, генерал-мајор Павле Арсоски, говорот го почна со суштинските промени кои позитивно влијаат врз армијата, а меѓу нив е и поканата за НАТО којашто се случи во периодот помеѓу два празници. Минатогодишната надеж за членство, денес е веќе остварлива. „Денеска со гордост истакнуваме дека Армијата во изминативе 27 години беше лидер и предводник на усвојување стандарди предвидени за една држава-членка на НАТО. Во Северноатлантската алијанса влегува целото македонско општество, но повеќе од јасно е дека Армијата е таа што го предводи патот. За високата политика овој чин претставува успешно завршена работа. Но, за нас во Армијата, допрва претстои сериозна работа за потполно интегрирање во воената компонента на Алијансата“ – изјави генерал-потполковникот Арсоски.

Оваа година, односно овој период помеѓу два празници, ја карактеризираат успешно завршените процеси во Армијата која се води од девизата – Дела, не зборови. Арсовски зборуваше и за успесите на реализираните вежби во кои учествувале над 4.000 припадници на ЗОК, истакнувајќи дека ќе се продолжи со реализација на тој план и во наредната календарска година. Стратегијата за пристапување и интегрирање во НАТО е усвоена, усвоени се кодовите на капацитетите и целите на способности за оваа календарска година.

Интерниот наслов на „Нов закон за новото време“ треба да го подобри статусот на припадниците на Армијата, ќе се редефинира персоналниот менаџмент, водењето во кариерата. Наредниот период ќе се понудат и други решенија со кои војничката професија ќе стане привлечна за младите.

Во наредниот период, Арсоски посочи дека почнува нов процес на трансформација на силите, реформа која ќе се одвива постепено, во период од десет години, со која се очекува Армијата да добие модерен лик со нови способности и капацитети. „Ова долго патување низ трансформацијата го започнуваме ние, кои сега ја раководиме Армијата, но ќе ја завршат генерациите кои доаѓаат по нас. Важно е да се знае



дека во новата структура на Армијата има место за секој од нас. Армијата наскоро очекува нова опрема и вооружување. Очекуваме подобрување на условите за живот и за работа во нашите касарни и полигони за обука. Очекуваме нови борбени и неборбени возила, нови системи за борбена поддршка и нови платформи на воздухоплови и системи на контрола на македонското небо. Да повторам уште еднаш, модернизацијата ќе биде предуслов за успешна трансформација“ – рече генерал-мајорот Арсоски.

Военото раководство пофали и награди повеќе припадници на ЗОК, а како резултат на одличната соработка со локалната самоуправа на Куманово, началникот на Генералштабот, Васко Ѓурчиновски, му додели „Голема плакета на Армијата“ на кумановскиот градоначалник, Максим Димитриевски.








Највисоката команда, ЗОК, го прославува 17 октомври во чест на историски настан на кој се темелат традициите на Армијата, денот која во 1878 година во селото Кресна е формиран штабот на Македонското или Кресненското востание, чија крајна цел било создавање на независна и самостојна македонска држава.

Празниците не би биле празници доколку не се сподели радоста на празнувањето, а тоа најдобро се постигнува со насмевки предизвикани кај најмладите. Токму овој празник е повод за донација од припадниците на ЗОК и на Баталјонот на Военaта полиција за учениците од посебните паралелки на кумановското училиште „Браќа Миладиновци“. Армијата на овој начин потврдува дека секогаш е блиску до граѓаните, до заедницата, преку непосредни контакти.

Само три дена претходно, кумановската касарна го одбележа патронатот и 78-годишнината од загинувањето на народниот херој Боро Менков. Учениците и најмладите од кумановската градинка со развиерени знамиња, талентирани музички уметници, културно-уметнички друштва, ја збогатија прославата на кумановската касарна. На патронатот во кумановската касарна настапија Мартија Станојковиќ, танцово студио „Денс тим Fusion“, КУД „Бајрам Шабани“ и ученици од гимназијата „Гоце Делчев“. Непосредност, искомбинирана со војничка дисциплина, мигови исполнети со музика, е одлична комбинација за прослава, проткаена со почит за минатото и за создавање темели за иднината.

Протоколарниот дел беше исполнет со полагање на свежо цвеќе на бистата на патронот од повеќе делегации од ЗОК, од Касарната, од Општината Куманово, СВР Куманово, Сојузот на борци и Ученичкиот дом од Крива Паланка.

Пред присутните се обрати командантот на Касарната, Стојанче Костов, кој се осврна на историјата, на формирањето на Карадачкиот партизански одред, на дејствувањето на Боро Менков. Армијата ги продолжува светлите традиции од нашето минато. „Денес Република Северна Македонија е на прагот за влез во НАТО. Армијата ќе продолжи да биде во функција на народот и државата, а со нашата храброст и патриотизам низ секојдневните активности, ќе покажеме дека сме нејзини достојни репрезенти“, истакна во својот говор потполковникот Костов.

Најмладите слушнаа за историјата на која се темели нашата државност, повозрасните се потсетија на богатото минато и за идејата, за стремежот на нашите предци од говорот на историчарот од кумановскиот музеј Марија Живачки, која зборуваше за Боро Менков, истакнат македонски партизан, комунист, командант на Карадачкиот одред во НОБ, антифашист и народен херој.

На прославата присуствуваа претставници од претпоставените команди, претставници од државна управа, јавните установи и служби, правни и физички лица со кои соработува Армијата на Република Северна Македонија.

Александра Максимовска

# „Национален одговор 2019“

## Справување со елементарни непогоди од големи размери



Во касарната „Јане Сандански“ во гарнизонот Штип, во периодот од 16.9. до 19.9.2019 година се одржа вежбата за справување со елементарни непогоди „Национален одговор 2019“. Нејзин носител беше Здружената оперативна команда (ЗОК). Целта беше имплементирање на една од мисиите на Армијата: поддршка на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа и другите владини и невладини организации и институции, пред сè на граѓаните, во справување со елементарни непогоди

Глобалното затоплување е причинител за многу непогоди како што се суши, пожари, бури, урагани и поплави од големи размери. Природните катастрофи во најголем дел се предизвикани од климатските промени. Ова не ја заобиколува ни нашата држава. Сведоци сме на временски промени, кои од суво и топло време, за час се преобразуваат во обилни врнежи проследени со силни ветрови, грмежи и температурни разлики кои варираат од 20 до 30 степени. Како показател, што сè може да се случи непредвидено и во краток временски период, се поплавите кои во месец август 2016 година го зафатија најпрво Полог, а потоа и поширокиот регион на Скопје. Најкатастрофални последици имаа селата Стајковци, Сингелиќ Смилковци и Арачиново. Во текот на 24 часа наврнаа 93 литри на метар квадратен. Во првите два часа од невремето на 6.8.2016 година удрија над 800 молњи и громови. Поплавата одзеде 22 човечки животи, уништи многу домови и материјални добра. Над 1 000 лица беа евакуирани и згрижени.



Поплавите, како и другите елементарни непогоди, се случуваат ненадејено, со голем интензитет, оставајќи зад себе пустош. Матерјалните штети се огромни, но човечките загуби се нешто што не може да се надокнади. Затоа е потребен брз, ефективен и ефикасен одговор од сите институции инволвирани во справување со кризи од поголеми размери. Како во такви состојби треба да одговорат субјектите кои се справуваат со кризата е сериозно и комплексно прашање. Потребно е сите сили и средства, од сите релевантни фактори да се стават на располагање на едно место, таму каде е непогодата. Само тоа може да ги амортизира и намали последиците од настанатата елементарна непогода. Тоа не е лесна задача, но е единствен одговор во справувањето со таквата состојба.

За време на поплавата во Скопскиот регион, нашата армија делуваше брзо и ефикасно. Таа беше прва на терен заедно со МВР. Сликата беше стравична и алармантна. Сепак, животот мора да продолжи понатаму. За сето тоа беа потребни многу човечки сили, непреспиени ноќи, но и материјални средства, почнувајќи од обична лопата, завршувајќи со водни пумпи, агрегати, неопходна механизација. Во истиот миг мораше да се размислува и да се реагира каде ќе се згрижат настраданите и да се обезбедат услови за нивните основни потреби од храна, вода, лекови, сместување. Сите релевантни фактори се мобилизираа за да ја санираат елементарната непогода за животот да дојде во нормала. Во санирањето на поплавата покрај Министерството за одбрана се вклучија и министерствата за: внатрешни работи, здравство, земјоделство, шумарство и водостопанство, локалната самоуправа, јавни и приватни претпријатија, Црвениот крст и хуманитарни организации. Се работеше макотрпно, дење и ноќе, пожртвувано, вложувајќи ги сите сили и средства. Мора да се напомене и меѓународната помош и помошта од сите наши соседи, вклучувајќи го тука и КФОР, стациониран на Косово. Но, и покрај тоа, при акцијата во која се вклучија многу институции со сите нивни распололоживи сили и средства и, секако, со силна желбата за ефективна и навремена помош, се покажаа одредени аномалии и оперативна некоординираност.

Овие искуства беа причина повеќе во касарната „Јане Сандански“ во гарнизонот Штип, во периодот од 16.9. до 19.9.2019 година да се одржи вежбата за справување со елементарни непогоди „Национален одговор 2019“. Првичните подготовки за вежбата нашата армија ги започна во месец февруари, со работилницата „Справување со елементарни непогоди“. Нејзин носител беше Здружената оперативна команда (ЗОК). Целта беше имплементирање на една од мисиите на Армијата: поддршка на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа и другите владини и невладини организации и институции, пред сè на граѓаните, во справување со елементарни непогоди. Следеше состанок на заменикот на командантот на ЗОК со претставници од регионалниот Центар за управување со кризи (ЦУК), Бирото за јавна безбедност и од Црвениот крст на Република Северна Македонија. Со тоа се доби начелна согласност од гореневедените институции за нивна партиципација на вежбата. На тој начин се поставија контурите на вежбата и се дефинираа нејзините цели. Следеше континуирано одржување на конференции и работилници за поддршка на институциите од сите аспекти и во согласност со барањата добиени од истите. Најпрво се одржа иницијалната конференција во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје, по што се одржаа работилница во касарната „Чеде Филиповски“ во Кичево, како и уште една работилница, главната и финалната конференција во касарната „Јане Сандански“ во Штип. Истите беа под раководство на директорот на вежбата, полковник Жикица Јовановски и офицерот од примарна одговорност, потполковник Васил Митевски. За време на конференциите и работилниците се извршија ревидирање на целите за обука, се изработи сценарио за вежбата, динамика според која таа ќе се одвива, референтни побарувања за вежбата и изработка на листа на главни настани и инциденти на вежбата. На завршната финална конференција свое учество даде и министерката за одбрана, госпоѓата Радмила Шекеринска. На повеќето конференции, генералната проба за вежбата и на самата вежба лично присуствуваше командантот на ЗОК, генерал-мајор Павле Арсоски. Вежбата за отворена ја прогласи заменик-командантот на ЗОК, бригадниот генерал Орце Јордев.

На вежбата „Национален одговор 2019“ учествуваа сите релеванти фактори за справување со кризи, во овој случај поплава од поголеми размери: Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита

> На завршниот ден на вежбата за справување со елементарни непогоди „Национален одговор 2019“ (19.09.2019 година) се одржа Ден на високи гости. Тој започна со воведно обраќање на командантот на ЗОК, по што следуваше брифинг за вежбата од страна на директорот. По презентацијата на новиот Команден систем за справување со кризи – НИКС од страна на стручно лице од ЦУК, се изврши обиколка на регионииолниот штаб за управувње со кризи, подрачниот штаб на ДЗС и ситуациониот центар





Според сценариото на вежбата, поплава од големи размери го зафаќа Штипскиот регион, но и пошироко. Во низините поплавени се големи делови од Источна Македонија. Браната „Калиманци“ се прелеа, реката Брегалница и нејзините притоки исто така. Дождовите се со интензитет од 95 литри на метар квадратен. Во повисоките предели паѓа и град. Дополнителни тешкотии задаваат силниот ветар и амосферските празнења. Поплавени и оштетени се многу домаќинства, индустрски и стратешки објекти. Настанати се повеќе свечилишта, оштетена е патната и железничката инфраструктура, далноводи за електрична енергија, оштетени или загадени се системите за водоснабдување. Штетите се огромни и постои само надеж дека нема човечки жртви. Властите преку медиумите го повикуваат населението да не паничи. Општинските сили за управување со кризи се на терен во обид да ги санираат последиците од поплавите. Иако е под обид за контрола, состојбата е алармантна. Како превентивна мерка се советуваат жителите од низините и пониските делови на населелбите во загрозените региони да се стационира на повисоките предели. Нарушена е функцијата на институциите и органите на локалната самоуправа. И покрај нејзините обиди за справување со елементарната непогода со давање примарна помош на загрозеното население во храна, питка вода, облека, лекови, поправка на патната инфраструктура и воспоставување на јавен ред, безбедност и мир, ситуацијата сепак почнува да ескалира. Иако Министерството за внатрешни работи е од самиот почеток на кризната состојба на

и спасување, министерствата за одбрана, здравство, внатрешни работи, земјоделтво, шумарство и водостопанство, Црвениот крст, силите на самоуправата на општините Штип, Кочани, Виница, Делчево, Чешиново-Облешево, Карбинци. Целта беше да се увиди кој со какви ресурси располага, но и овозможување подобра координација и командување. Новиот систем за командување со инциденти во кризни ситуации НИКС (Next-Generation Incident Command System), кој за прв пат се примени на вежбата „Национален одговор 2019“, овозможи подобрена комуникација и поширока слика што точно се случува на теренот, за да регионалниот штаб, подрачниот штаб на Дирекцијата за заштита и спасување и ситуациониот центар точно знаат какви потреби имаат тие што се на терен, кои ги санираат последиците од непогода и лицата загрозени од истата.

Во рамките на вежбата на 18.9.2019 година, од 18.00 до 19.00 часот, на градскиот плоштад во Штип, се одржа отворен ден по тој повод. На манифестацијата со свој персонал и техничко-материјални средства се претставија Армијата на Република Северна Македонија, МВР, ЦУК, ДЗС, Црвениот крст, ЕВН и општинските сили за управување со кризи на град Штип. Манифестацијата беше во организација на општината Штип



терен, се јавуваат дополнителни проблеми околу регулирањето во сообраќајот, интервенции во вербални караници и обиди за кражби. Јавните претпријатија од локалната самоуправа интервенираат со својата механизација, но таа не е доволна за поплава од вакви размери. Се појавува потреба за прогласување на вонредна состојба. Регионалниот Центар за управување со кризи достави барање до Републичкиот центар за управување со кризи за прогласување на вонредна состојба во општината Штип и Карбинци, како најзагрозени општини, како и следење на состојбата во општините Кочани, Виница, Чешиново-Облешево и Зрновци, каде ситуацијата, исто така е тешка, но во помали размери. Со доставеното барање до Владата, на нејзината вонредна седница се прогласи за кризна состјобата во општините Штип и Зрновци во траење од 15 дена.
Врз основа на одлуката на Владата доставен е предлог до Собранието кое донесе одлука за ангажирање на сите расположиви капацитети и ресурси на национално ниво. Претседателот на Републиката издаде наредба за ставање во функција на силите и средствата на Армијата од Здружената оперативна команда. Се вклучија и сите институции за справување со елементарната непогода: Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерствата за внатрешни работи, здравство, земјоделство, водостопанство и шумарство, ЕВН, Црвениот крст и силите за управување во кризни ситуации во загрозените подрачја и институции од соседните општини. Со дејствување на сите сили и средства во најпогоденото подрачје од невремето, во предвидениот рок од 15 дена, тие успеаја да се справат со последиците од елементарната непогода.
На завршниот ден на вежбата за справување со елементарни непогоди „Национален одговор 2019“ (19.09.2019 година) се одржа Ден на високи гости.  Тој започна со воведно обраќање на командантот на ЗОК, по што следуваше брифинг за вежбата од страна на директорот. По презентацијата на новиот Команден систем за справување со кризи – НИКС од страна на стручно лице од ЦУК, се изврши обиколка на региониолниот штаб за управување со кризи, подрачниот штаб на ДЗС и ситуациониот центар. На самиот полигон свое обраќање имаа градоначалникот на општина Штип, господин Благој Бочварски и заменикот-началник на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин. Потоа,



на полигонот за обука во касарната следеше демонстрација на вежбата. За големото значење на вежбата говореа и другите високи гости кои присуствуваа: директорите на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, претставници од ЕВН, претставници од министерствата за внатрешни работи, здравство, земјоделство, водостопанство и шумарство, Црвениот крст, јавни претпријатија од општина Штип и  од општинските сили за управување со кризи на град Штип, Виница, Кочани, Чешиново-Облешево, Карбинц и Зрновци.
Не може да се предвиди кога некоја елементарна непогода или катастрофа ќе го погоди некој регион од нашата држава. Зад нас се поплавите во Тетовскиот, а подоцна и во Скопскиот регион. Додека траеа подготовките за вежбата, се случија и временски непогоди во Ресен и неговата околина.
Сè повеќе стануваме свесни за потребата од системска поврзаност на сите ресурси, за надминување на ваквите несакани состојби.
 Да се влијае на природните непогоди е невозможно, но да сме подготвени да ги санираме последиците од нив е должност и обврска на сите релевантни фактори за справување со елементарни непогоди. Вежбата „Национален одговор 2019“ е прва вежба од ваков карактер во нашата држава. Самото име на вежбата говори дека за справување со елементарни непогоди од големи размери нацијата го дава одговорот. На вежбата сите учесници го дадоа својот максимален придонес, со што се постигна главна цел на вежбата – ефикасно и ефективно спроведување на систем за справување со кризи, во координирано и заедничко дејство на сите  релевантни субјекти  за справување со елементарни непогоди.
C.J.



# „Eurofighter Typhoon“

Eurofighter Typhoon“ е суперсоничен двомоторен ловец-бомбардер кој припаѓа на 4. генерација борбени летала. Авионот, според градбата, е нискокрилец со делта-крила, кој на предниот дел има вградени канарди, поседува еден вертикален стабилизатор, а вшмукувачите за воздух му се поставени на долниот дел од конструкцијата. Од леталото се развиени верзии со едно и со две седиште (со борбени можности). За изработка на конструкцијата се користат различни материјали: карбон фибер композитни материјали 70%, метали 15% (титаниум и алуминиум-литиум легури), стакло-пластика 12% и други материјали 3%. За поголема маневрабилност, леталото е проектирано да поседува нестабилна конструкција. Поради оваа причина „Typhoon“ поседува вештачка стабилност, компјутерски контролирана од дигитален четвороканален FBW- систем. Во склоп на FBW- системот е вграден и ALSR- системот, наменет за визуелно и аудиопредупредување на пилотот кога лета при мала брзина, а кој поседува можност автоматски да ги преземе контролите на леталото и да го врати во сигурен лет. Во носот на леталото е вграден повеќенаменскиот Doppler-радар CAPTOR-M (ECR 90), а некои понови верзии се опремени и со посовремениот радар AESA CAPTOR-E. Од левата страна на кокпитот е вграден пасивниот ИЦ-систем PIRATE, наменет за пребарување и следење, додека од десната страна на кокпитот е вграден вовлекувачки уред за надополнување на гориво во лет. Кокпитот поседува поклопец со облик на капка кој овозможува одлична видливост. Внатре за пилотот е вградено катапулт-седиштето „Martin Baker MK16“ (0-0). Кокпитот е опремен и со 3 големи повеќенаменски дисплеи и широкоаголен нишански HUD, а за пилотот е направен и посебен пилотски кацига, опремен со нишански систем, на кој се прикажуваат релевантните податоци за летот, за нишанењето со оружјето и приказ од FLIR-системот. Оваа пилотска кацига на пилотот му овозможува зголемување на нишанското поле, односно борбено дејство врз цели (со наведувани оружја), кои не се во предната сфера на леталото. За управување со леталото се вградени HOTAS-команди и DVI-системот, кои овозможуваат едноставно и брзо командување со помош на пилотскиот глас. Помеѓу мноштвото на електронска опрема се системот MIDS data link 16, кој е мултифункционален дигитален информациски кодиран дистрибутивен систем, системот DASS, наменет за заштита на леталото во кој се вклучени сензори за детекција од ласерска и радарска озраченост, детектор за лансирана ракета, влечен радарски мамец, лансери на ИЦ и дипол-мамки, електронски мерки за поддршка и електронски контрамерки, за навигација се вградени GPS и инерцијален навигациски систем, вградена е дигиталната магистрала на податоци MIL-STD-1553, верзија на системот TERPROM и друго. Како погон „Eurofighter Typhoon“ користи 2 турбомлазни мотори EJ200, секој со потиснување од 60 kN (без фоража), а со вклучено форсирање, максимално потиснување од 90 kN. Моторите поседуваат дигитална контрола и интегриран систем за регистрирање на нивната состојба. Благодарени на моќноста на моторите леталото поседува суперкрстосувачка брзина (без вклучена форсажа) од 1.2 маха. Од вградено оружје авионот поседува еден автоматски топ Mauser Mk 27, со калибар од 27 mm, кој располага со 150 гранати. На 13 носачи за оружје поставени под крилата и трупот, леталото може да понесе цела палета на наведувани и ненаведувани оружја, со кои може да дејствува врз цели на земја, во воздух и на вода, во сите временски услови, преку ден и ноќ. За борба воздух-воздух, леталото ги користи ракетите со мал дострел IRIS-T, AIM-9L, AIM-132 ASRAAM, а за голем дострел ги користи AIM-120 AMRAAM и METEOR. За противбродско дејство може да ги користи ракетите Marte-ER и RBS-15. Додека за дејство по копнени цели авионот може да ги понесе крстосувачките ракети Storm Shadow и Taurus KEPD 350, антирадарската ракета AGM-88 HARM, ракетите за дејство по точкасти цели AGM-65 Maverick и Brimstone, но и наведуваните бомби GBU-10, GBU-16, GBU-24, GBU-46 и Paveway IV. На носачите може да се поставаат и нишанските контејнери „Rafael Litening“, „Sniper“ или „Damocles“, плус контејнери за електронски контрамерки, но и подвесни резервоари за гориво со капацитет од 1.000 и 1.500 литри.До сега се произведени 565 од нарачаните 623 летала, а ги користат воените воздухопловства на Обединетото Кралство на Британија, Германија, Италија, Шпанија, Австрија, Оман, Саудиска Арабија, Кувајт и Катар.

Ивица Дамески






1. FLIR-систем „PIRET“
2. Куќиште на вовлекувачки уред за надополнување на гориво во лет
3. HUD-нишански систем од „GEC-Marconi“
4. Катапулт-седиште Mk.16
5. Ракета в-в AIM-132 ASRAAM
6. Воздушна кочница
7. Куќиште за електронско војување, опремено со влечен радарски мамец
8. Турбомлазни мотори EJ200
9. Конструкција на вертикалниот стабилизатор
10. Кормило на вертикалниот стабилизатор
11. Куќиште на падобранот за кочење




12. Флапс
13. Конструкција на делта-крилото
14. Елерон
15. Контејнер за електронски контрамерки и електронска детекција од озраченост
16. Ракета в-в AIM-132 ASRAAM
17. Двосегментно управувачко предкрилце
18. Подвесен резервоар за гориво од 1.000 литри
19. Ракета в-в METEOR
20. Резервоар за гориво во трупот (вкупно има 3 резервоари)
21. Куќиште на авиониката
22. Вшмукувач за воздух
23. Канард
24. Радар ECR 90 CAPTOR

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „EUROFIGHTER TYPHOON“ (ЕДНОСЕД) | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 15.96 m |
| ВИСОЧИНА | 5.28 m |
| ОПСЕГ НА КРИЛАТА | 10.95 m |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 51.2 m 2 |
| ПОВРШИНА НА КАНАРДИТЕ | 2.4 m 2 |
| ТЕЖИНА, ПРАЗЕН | 10.995 kg |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА ПРИ ПОЛЕТУВАЊЕ | 23.5 тон |
| КАПАЦИТЕТ НА ВНАТРЕШНО ГОРИВО | 5.640 литри |
| ДОЛЕТ | 2.900 km |
| ПОГОН | 2 турбомлазни мотори EJ200, со максимално потиснување од 90 kN |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 2 маха |
| СУПЕРКРСТОСУВАЧКА БРЗИНА (БЕЗ ФОРСИРАЊЕ) | 1.2 маха |
| БРЗИНА НА ИСКАЧУВАЊЕ | 315 m/s |
| БОЕВ ТОВАР | 6.500 kg |
| ПЛАФОН | 16.764 m |
| Г-ОПТОВАРУВАЊЕ НА КОНСТРУКЦИЈАТА | од -3 до +9 Г |



# „Barracuda 4×4 Armored Wheeled Vehicle“
## Баракуда – оклопно возило на тркала 4x4

„Баракуда“ 4x4 е оклопно возило на тркала, развиено со врвна технологија и способно за ефикасно безбедносно одржување (Rayat Control), задушување на немири и извршување на патролни мисии со одлични маневарски способности под голема брзина и извонреден капацитет на заштита

Возилото „Баракуда“ е развиено од страна на „Doosan Infracore Defense Products BG“ (претходно Daewoo Heavy Industries & Machinery Ltd), кој исто така, е главен изведувач за корејските пешадиски борбени возила „гасеничари“. „Баракуда“ возилата се дизајнирани за широк спектар на улоги и мисии, вклучувајќи оклопни транспортери (APC), извидувачки возила и возила за внатрешна безбедност (internal security - IS). Возилото „Баракуда“ обезбедува широк простор за екипажот, вклучувајќи ги возачот и командирот, притоа има и одличен квалитет на возење. Покрај тоа, благодарение на прозорците кои се отпорни на куршуми, возилото е многу безбедно и обезбедува широк спектар на гледање, што овозможува непречено возење под какви било услови.
Возилото има врати за влегување од левата страна и од позади, така што можно е да се избере вратата за влез и излез од возилото, во зависност од ситуацијата на бојното поле. Бидејќи има одделни врати за командирот и возачот, останатиот дел од екипажот може многу брзо да влезат или да излезат од возилото. Оперирањето со сите серии на „Баракуда“ возилата е некомплицирано и во целост одговара на онаа од цивилните возила.
За да се намалат трошоците за животниот циклус на возилото, „Баракуда“ се темели на најновото германско теренско товарно возило



камион „Mercedes-Benz UNIMOG U-5000 (4x4)“.  Серија од возилата „Баракуда“ ѝ се продадени на Јужна Кореја за внатрешна безбедност, а од септември 2007 година познатите извозни продажби ги вклучуваат Индонезија (44) и Ирак (12) возила „Баракуда“.

Телото на „Баракуда“ возилото е изработено од целосно заварени челични оклопни конструкции, кои на екипажот му обезбедуваат заштита од куршуми од мало пешадиско вооружување и шрапнели од артилериски гранати. Возилото има посада од двајца, командир и возач, и може да превезува 10 целосно опремени војници. Командирот и возачот се сместени во предниот дел на возилото и имаат фронтално блиндиран прозор (отпорен на куршуми), како и странични прозори со заштита. Прозорците може многу брзо да бидат покриени со оклопни ролетни кои се преклопуваат према горе. Кога ролетните се во позиција, командирот и возачот имаат предно и странично набљудување преку перископи поставени на кровот на возилото. Екипажот и трупите можат многу брзо да влезат и да го напуштат возилото преку страничните и задните врати. Отворите за пукање и придружните блиндирани блокови за гледање им овозможуваат на војниците од транспортниот дел на возилото да отворат оган од своето вооружување однатре од возилото. На кровот се наоѓаат и отвори со капак и на предниот дел од кровот може да се инсталираат далечински управувани светла.

„Unimog“ шасијата со погон на сите тркала, произведена од страна на „Mercedes-Benz“ ги става „Баракуда“ во возила со висока подвижност. Како резултат на тоа има највисоко ниво на „cross-country“ перформанси и целосно ги исполнува специфицираните барања за оваа категорија, како што се голема моќност на моторот, голема брзина, погон на сите тркала и блокада на диференцијалот

Стандардниот оклопен транспортер „Баракуда“  има бруто-тежина од 11.7 тони и истиот е придвижуван од „DaimlerChrysler OM 924LA“, дизел-мотор со турбо полнење кој развива 218 hp, кој е споен со трансмисија „DaimlerChrysler Electrical Pneumatic Shifting (EPS)“, со осум степени на пренос за напред и шест степени на пренос за назад. Сите вградени гуми имаат „run flat tyre“ како стандард и достапна е бројна дополнителна опрема како опционална. Вооружувањето на оклопните транспортери „Barracuda“ зависи од самата намена на возилото, но вообичаено може да вклучува митралез 7,62 мм или 0.50 cal, монтирани на самиот кров на возилото, како и банки на фрлачи на чадни гранати кои се електрично оперирани. Исто така, на пазарот е достапна и купола опремена со 0.50 cal (12,7 мм), митралез исто како и кај гасеничарите „KIFV - Korean Infantry Fighting Vehicle“, која обезбедува целосна заштита на нишанџијата на возилото.

„Баракуда“  APC е речиси идентична, како по изглед така и по спецификации со германскиот „Rheinmetall Landsysteme TM-170 series“, возило 4x4 развиено во 1970-тите години, познато уште како „Hermelin APC“, кои во моментот се на употреба во Армијата на Република Северна Македонија. Серијата „TM-170“ влезе во производство во 1979 година со значителни количини наменети за домашниот пазар (Федерална Германска гранична полиција) и за пазарот за извоз. Производството на серијата TM-170 е веќе завршена и компанијата „Rheinmetall Landsysteme“ повеќе не го продава.

Варијанти. Како што веќе напоменавме во делот за развојот „Barracuda“ APC може да се усвои за широк спектар на специјалистички улоги. За некои извозни купувачи, специјална заштита од „bar“ оклоп (челични летви) е поставена околу возилото преку цели 360 степени, со цел да обезбеди заштита од ракетни гранати како што се RPG-7.





Спецификации на возилото „Barracuda“ се следниве:

- должина: 6,27 метри;
- широчина: 2,48 метри;
- висина: 2,42 метри;
- тежина: 11,7 тони;
- посада: 2+10;
- мотор: DaimlerChrysler OM 924LA 218 hp;
- автономија на опсег: 1160 km;
- максимална брзина на пат: 100 km/h;
- трансмисија: DaimlerChrysler Electrical Pneumatic Shifting (EPS) transmission with eight forward gears and six reverse;
- совладување на наклон од 60%;
- совладување на страничен наклон 30 %;
- совладување на вертикална пречка: 600 мм;
- возачки способности: CTIS, ABS и run-flat;
- совладување на водена препрека: 1,2 м.

Оператори на „Barracuda“ возилата се:

- Индонезија со 44 возила од декември 2006 година;
- Ирак со 12 возила од декември 2005 година.

„Баракудата“ е тактичко оклопно возило, произведено од „Doosan DST“, чиј оклоп од челични плочи обезбедува балистичка заштита од стрелачко вооружување со калибар од 7,62 мм. Користејќи ја многу мобилната UNIMOG-шасија од „Mercedes-Benz“, оклопните возила „Баракуда“ се едни од најдобрите возила на тркала 4x4 кои нудат одлична маневрибилност на отворен терен, како и голема јачина на моторот, одлични возачки способности, погон на сите четири тркала и блокада на диференцијалот.

Јужна Кореја ги има користено возилата „Doosan DST Barracuda“ во Ирак од 2003 до 2008 година, додека Индонезија и Ирак, исто така, ги имаат прифатено. Дивизијата „Zaytun“ повторно се врати дома после 5 поминати години во хуманитарни операции и операции за рехабилитација во земјите на Блискиот Исток, кои се разорени од војните. Оклопни возила, камиони и останата опрема што ја користел контингентот се складирани на воениот пункт во јужниот пристаништен град Бусан. Клучната техника, која е складирана, вклучува и „Баракуда“ оклопни возила на тркала 4x4, јуришни пушки K1A/K2 и K200-амфибиски оклопни транспортери.

Идриз Идризоски

Возилото „Баракуда“ може да биде опремено со вооружена станица од мал калибар, монтирана на кровот, CCTV, како и дозер-систем (булдожер)






# „ЦЕЗАР“ и „АТМОС“ –
## основите на модерната артилерија

Артилериските орудија се наменети за огнена поддршка на маневарските единици, кои со своите формациски средства не се во можност да водат борба на поголеми далечини. Денес, во светски рамки, постојат голем број на воени индустрии и производители на артилериски орудија. Генерално, сите орудија исполнуваат одредени побарувања кои се во директна врска со современиот начин на војување и темпото на борба кое го диктираат маневарските единици.

Од сродните типови на самоодни хаубици 155 мм, во ова издание на магазинот „Штит“ ги издвојуваме самоодните хаубици 155 мм „ЦЕЗАР“ и „АТМОС 2000“.



## „ЦЕЗАР“ (CAESAR) – 155 мм



**Проектот – Програмата „ЦЕЗАР“** (CAESAR) е развиена од фирмата „Nexter Systems и Renault“ – Р. Франција, и истата е креирана за да ги замени постоечките артилериски системи: топот 155 мм TRF1 и самоодната хаубица 155 мм AUF1, кои сè уште се во оперативна употреба во армијата на Р. Франција.
Системот се состои од моторно возило 6x6 (дизел), со кабина со заштита од зрна и парчосувачко дејство и артилериски систем – топ со калибар од 155 мм (52 калибри). Верзијата на системот со заштита на кабината ја зголемува тежината на системот за 400 кг и цената за 4-5%.

**Мисија и намена**
Поливалентен и мобилен, системот „ЦЕЗАР“ – „CAESAR“, има можност за брза и ефективна огнена поддршка на маневарските единици на големи далечини, со режим на стрелба од 6 проектили во една минута. Дострелот е од 4,5 до 42 километри. Во зависност од муницијата која ја користи, дострелот на системот може да биде и поголем. Системот може да се транспортира по воздушен пат, со транспортен авион „C130 Hercules и A400M Atlas“. Неговата тактичка мобилност е неговиот главен адут. Автоматизиран, системот нуди голема брзина и дијапазон на употреба и овозможува завидно време за подготовка за стрелба, кое не е повеќе од 60 секунди. Системот може со себе да понесе 18 комплетни проектили во посебно приспособени делови за чување и транспорт. Останатата количина на артилериска муниција се транспортира на товарно м/в ТРМ 10 000 (TRM 10 000), кое има можност да носи 240 комплетни проектили. Моментално во армијата на Р. Франција во оперативна употреба се 77 системи „ЦЕЗАР“ со тенденција до 2025 година бројката да достигне до 109 системи. Системот е во употреба и во Саудиска Арабија од 2006 година, во Тајланд од 2010 година и во Индонезија од 2012 година.

**Клучни датуми**
Програмата „ЦЕЗАР“ официјално е лансирана во 2004 година. Првите системи се испорачани во текот на 2008 година.
Системот досега бил во оперативна употреба во: Авганистан во 2010 година; Либан во 2011 година; Мали во 2013 г.

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „ЦЕЗАР“ (CAESAR) – 155 ММ | |
|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 155 mm |
| ДОСТРЕЛ | 42 km |
| ТЕЖИНА | 17.700 kg |
| ДОЛЖИНА | 10 m |
| ШИРИНА | 2,55 m |
| ВИСИНА | 3,7 m |
| ПОСЛУГА | 4-5 |
| КЛИРЕНС | 0,4 m |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | +/- 20 степени |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | до +70 степени |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | 6 проектили за една минута |
| РАДИУС НА ДВИЖЕЊЕ | 600 km |
| СОВЛАДУВА СТРМНИНИ | 40 % |
| ВЕРТИКАЛНИ ПРЕЧКИ | 0,6 m |
| СОВЛАДУВА РОВОВИ | 0,9 m |
| СОВЛАДУВА ВОДЕНИ ПРЕЧКИ | 1,2 m |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ДОБРИ ПАТИШТА | до 90 km/h |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ЗЕМЈЕНИ ПАТИШТА – ТЕРЕНСКИ УСЛОВИ | до 50 km/h |
| М/В | Рено, дизел со 177 kW и 240 hp (к/с) |

## „АТМОС 2000“ (ATMOS 2000) – 155 мм

Проектот „ATMOS 2000“ е напреден концепт за лесна самоодна хаубица со систем за полнење и автономни способности за операции.
„ATMOS 2000“ е монтиран на подвозје TATRA T815 VVN 6X6-шасија, користи V-тип дизел-мотор со моќност од 235кW и 315 KS, со „Soltam“ 155 mm 45 и 52 калибри топ-цевка (ATHOS) и е опремен со најмодерен C3-систем (систем за командување, контрола и комуникација), вклучувајќи компјутеризација во кабината, инерцијална навигација и систем за нишанење и лесно манипулативен систем за муниција. Платформата може да носи 32 проектили и соодветни полнења, послугата на орудието и нивната опрема. За време на истрелувањето, „ATMOS 2000“ се потпира на странични потпирки – пети. Проектилите и полнењата се симнуваат на земја, каде се врши подготовката за гаѓање, без притоа да ја оштетуваат шасијата на м/в. Системот е достапен во верзии од 45 и 52 калибри. Во зависност од тоа, дострелот на орудието е 39 км или 41 км. Ги користи сите видови на муниција од 155 мм. Помошниот мотор овозможува лесна манипулација – подготовка за подготвување на

орудието и ракување со муницијата. Како резултат на тоа „ATMOS 2000“ може да биде опслужуван и од послуга со 4 членови.
Во втората половина на 2001 година, „Солтам системи“ – „Soltam Systems“, денешен „Elbit Systems“, ги обелоденува деталите за последната верзија на „ATMOS 2000“ (Autonomous Truck Mounted howitzer System), 155 мм – 52 калибри самооден артилериски систем, чие постоење за прв пат беше најавено и откриено во 1999 година.
„ATMOS 2000“ е развиен од „Soltam Systems“ и главно е наменет за извозниот пазар, иако е во оперативна употреба во армијата на Израел.
Постојат 9 подизведувачи на „Soltam Systems“, поврзани со програмата „ATMOS 2000“, вклучувајќи го и SAGEM од Франција. Самоодните хаубици-колчари, во споредба со останатите, не само што се полесни за одржување, туку се и поедноставни за ракување и манипулација.
Системот е мошне маневрабилен и лесно подвижен и има можност за стратегиски транспорт на големи далечини и на каков било театар на операции. Во текот на 2001 година прототипот на „ATMOS 2000“ истрелал преку 1000 проектили од секаков тип 155 мм за време на испитувањата во Израел.
Според „Soltam Systems“, неколку потенцијални набавувачи склучиле договори за набавка на „ATMOS 2000“. Според Обединетите нации, неодамна, вакви системи, но влечна варијанта, набавиле следниве земји: Камерун (18), Индија (60), Словенија (18) и Уганда (18).
Системот од производителот „Soltam Systems“ – ATMOS, 155 мм/52 калибри се состои од 6×6 м/в и од топ 155 мм. Прототипот е 155 мм/52 калибри, што одговара на „NATO Joint Ballistic Memorandum of Understanding“ (JBMoU). Затворачот е од механичко-хидрауличен и лизгачки тип и се отвора надесно. Отворањето и затворањето се вршат со помош на хидрауличен систем. Должината на повлекување е од 850 до 1.100 мм. Заземањето на елементите, раширувањето на краците – петите и полнењето, се асистирани од хидрауличен и компјутеризиран систем.
Варијантата на системот со цевка 155 мм/52 калибри, има максимален дострел од 41 км, 30 км со NATO L15 (HE)-проектили и 24.5 км со M107 HE-проектил.
„ATMOS 2000“ може да носи 32 155 мм проектили и соодветни полнења и е опслужуван од послуга од 4 лица, од кои двајца се полначи и



| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „АТМОС 2000“ | |
|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 155 mm |
| ДОСТРЕЛ | 41 km |
| ТЕЖИНА | 18.000 kg |
| ДОЛЖИНА | 10 m |
| ШИРИНА | 2,65 m |
| ВИСИНА | 3,24 m |
| ПОСЛУГА | 4 |
| КЛИРЕНС | 0,4 m |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | +/- 25 степени |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | до +70 степени |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | 3 проектили за 15 секунди<br>15 проектили за 3 минути |
| РАДИУС НА ДВИЖЕЊЕ | 1 000 km |
| СОВЛАДУВА СТРМНИНИ | 60 % |
| ВЕРТИКАЛНИ ПРЕЧКИ | 0,6 m |
| СОВЛАДУВА РОВОВИ | 0,9 m |
| СОВЛАДУВА ВОДЕНИ ПРЕЧКИ | 1,4 m |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ДОБРИ ПАТИШТА | до 80 km/h |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ НА ЗЕМЈЕНИ ПАТИШТА – ТЕРЕНСКИ УСЛОВИ | до 30 km/h |
| М/В | TATRA T815 VVN 6X6, користи V-тип дизел-мотор со 235кW и 315 hp (к/с) |

истите стојат на двете задни страни на системот. За да се овозможи постабилна платформа за време на истрелувањето, двете странични пети на системот се спуштаат на земја со помош на хидрауличниот систем.
Системот има и напреден систем за истрелување и контрола – Advanced Fire Control System (AFCS). Тоа го вклучува главниот компјутер и уредот за навигација и насочување на орудието. „ATMOS 2000“ многу бргу ја третира целта по добивањето на координатите од предните набљудувачи или од тимовите за набљудување.
Напредниот систем за истрелување и контрола – Advanced Fire Control System (AFCS), ја процесоира информацијата за целта, ја презентира на дисплејот на нишанџијата и ги зазема елементите за гаѓање. Во случај на прекин на напојувањето, постои и можност за рачна обработка на податоците. Иако прототипот е монтиран на шасија „Tatra“ (6×6), „Soltam Systems“ може да го адаптира системот и на други типови на шасии. Кабината на возилото и моторот се отпорни на куршуми и на фрагменти – делови од проектили. Верзиите на АТМОС може да се транспортираат со транспортен авион „Lockheed Martin C-130 Hercules“.

Славчо Кузманоски




# „МЕСЕЧЕВАТА“ МАЧЕТА

Опремата за астронаути е интересна и таа има магична привлечност, особено кај мажите. Опремата изгледа интересно, мора да биде направена за исклучителни очекувања и се употребува во високоризични или, дури, опасни ситуации. Изгледот на вселенските предмети автоматски го привлекува вниманието, особено вселенските скафандери, торби, возила, инструменти, пенкала и друг прибор. Иако се интересни, ножевите поврзани со вселенските мисии, сепак се помалку познати

Ножевите во вселената можат да се поделат на ножеви како дел од опремата и на ножеви кои не биле дел од опремата. Ножевите кои не биле дел од опремата се оние ножеви кои повеќе или помалку биле лични работи на екипажот. И покрај тоа што не е сосема сигурно, се чини дека првите астронаути земале со себе џебни ножеви за секој случај – да отворат пакети за храна или, пак, да ги употребат како одвртки. Повеќето ножеви биле развиени или нарачани од НАСА и биле дел од опремата наменета за конкретни задачи. Тие биле дел од комплетите за преживување по слетувањето, а подоцна и како корисни алатки. Првите ножеви во вселената биле дел од опремата на вселенското летало без да бидат издадени на екипажот.

По завршувањето на мисијата на познатата, прва посада на „Аполо 11“ која слетала на Месечината, а која траела 8 дена, 3 часа, 18 минути и 35 секунди од лансирањето до слетувањето на Земјата, таа била извлечена од океанот со хеликоптери од бродот на американската морнарица „Хорнет“. Со нив биле околу 50 килограми скапоцени камења од Месечината и нивните комплети за преживување во кои, меѓу другото, била и 43,2 сантиметри долга мачета која можела да се користи за сечење или како пила, доколку по итно слетување, посадата се најде на терен во џунгла. Мачетата „Астронаут М-1“ во никој случај не била првиот нож што ја совладал Земјината гравитација, бидејќи ножевите секогаш биле присутни на списокот со опремата за летање на секој екипаж но, секако, била првата мачета. Така, на пример, компанијата „Камилус“ развила џебен нож за комплетот за преживување на Алан Шепард, кој бил првиот Американец во вселената со „Меркјури Слобода 7“ за време на неговиот суборбитален лет во мај во 1961 година. Овој нож, исто така, бил и дел од комплетот за преживување и на „Аполо 15“ во јули/август 1971 година. Првиот нож со фиксно сечило во вселената бил моделот „17 Астро“ од компанијата „Рандал“. Тој бил развиен во почетокот на 1960-тите за седум астронаути од програмата „Меркјури“ за време на првите вселенски летови на САД со екипаж. Во рачката биле сместени мали предмети за преживување и можела да се отвори со мал шрафцигер, прикачен на кожна лента. Овој нож бил доволно силен за да го отвори капакот на модулот со сила, а доколку било потребно, бил подготвен и за ситуации на преживување.

Астронаутите можеле да се најдат во непријатни области како пустина, џунгла, па дури и океани, по лошо слетување. Важна модификација била направена во рачката, каде што бил создаден простор за сместување на мали предмети за преживување, како што се кибрит, јадици и конец. Овој нож, исто така, бил сместен во специјално дизајнираните комплети за преживување кои биле некаде во внатрешноста на капсулата. И компанијата „Шред–Волден“ направила нож за НАСА. Тоа бил портокалов џебен нож кој го носеле астронаутите Џим Ловел и Едвин Олдрин во „Џемини XII“ на нивната четиридневна орбитална мисија во ноември 1966 година, која била последната мисија на „Џемини“. Планерите на мисиите во НАСА морале да размислуваат за сè. Тука била вклучена и можноста дека вселенското летало што се враќа ќе се спушти надвор од планираната област. Земајќи го ова предвид, неопходно

била потребна опрема во форма на опрема за преживување и сигнална опрема. За време на првите програми на „Меркјури“ и „Џемини“, поголемиот дел од опремата за преживување била стандардна воена опрема, која се покажала како гломазна и тешка.
До започнувањето на програмата „Аполо“, комплетот за преживување бил специјално дизајниран и направен за да го користат астронаутите. Опремата за преживување била складирана во две торби, сместени во десниот преден дел на командниот модул. Тие биле лесно достапни, за да се зграпчат во одреден момент, доколку нешто тргне наопаку за време на слетувањето. Торбите биле долги околу 46 сантиметри, биле широки 16 см и биле високи исто 16 см, а биле тешки околу 25 килограми. Тие биле направени од армалон, стаклена ткаенина обложена со тефлон. Секоја торба била опремена со отвори на патент и со рачка за носење. Комплетот за преживување обезбедувал три дена резерви за преживување за екипажот од три лица, доколку спасувањето било одложено. Претпоставувајќи дека ќе бидат заглавени во средината на океанот, поголемиот дел од опремата била концентрирана околу сигнализацијата и добивањето на вода. Мачетата била потребна само доколку тие требало да се спуштат во близина на Земјата. Првата торба вклучувала три контејнери за вода, еден радиопредавател со резервна батерија, три пара очила за сонце, шест пакувања на хемикалии со десалинизација, еден уред за десалинизација, две светилки за преживување, мачета „М-1“, комплет за прва помош и две шишиња со крем за сончање. Втората торба содржела сплав за спасување на три лица, сидро, боја за обележување и три шапки за заштита од сонце.
Почнувајќи од средината на 1960-тите, сите астронаути морале да присуствуваат на двонеделен курс за преживување во џунглата во Панама, каде што ги дознавале суровите реалности од евентуално принудно слетување на напуштен остров, со тоа што поминувале долго време пробивајќи се низ густата вегетација на џунглата. И, тоа било најдобро да се направи со мачета. Но, мачетите, надвор од кориците, лесно ‘рѓосувале и брзо станувале тапи, а освен тоа биле и премногу големи за да се вклопат во комплетите за преживување. Затоа НАСА дизајнирала работен модел, но компанијата „Рандал“ одбила да го произведе но, затоа, пак, ја предложиле компанијата „В.Р. Кејс и синовите“, кои со задоволство направиле мачети за НАСА. Оригиналната мачета „Астронаут М-1“ била долга 43,2 сантиметри и била изработена од многу цврст челик, со острица на едната страна и назабен



раб на другата страна. Рачката била направена од најлесната пластика позната во тоа време – најлон. Сепак, било докажано дека е запалива и била заменета со алуминиумска рачка за летовите на „Аполо“. Алуминиумските корици имале тефлонска заштита на сечилото. Мачетата се покажала како многу корисна за време на вежбите за обука, но сечилото од висококвалитетниот не’рѓосувачки челик бил кршлив, па идниот материјал за сечилото требало да се разгледува во текот на понатамошниот развој.
Мачетата „Астронаут М-1“ првпат отишла во вселената со првата мисија на „Џемини“ со екипаж на 23 март 1965 година. Потоа била спакувана во опремата за преживување за сите мисии на „Џемини“ и „Аполо“, што ја прави првата и единствена мачета што отишла на Месечината девет пати. Технички, таа никогаш не стигнала на површината на Месечината, бидејќи останала во својот комплет за преживување во командниот модул и била потребна само за време на евентуално продолжено спасување по спуштањето. Сепак, ниту една алатка од опремата за преживување, вклучувајќи ја и мачетата, никогаш не била употребена, бидејќи секоја мисија завршила без инциденти.
За да ја прослават 50-годишнината од првите чекори на човекот на Месечината, во јули, компанијата „Кејс и синовите“ направија реплика на мачетата „М-1“. Останувајќи верни на оригиналот, таа е изработена од високојаглероден не’рѓосувачки челик и со мазна бела синтетичка рачка. Како и оригиналот, мачетата „Астронаут М-1“ е долга 43,2 сантиметри и тежи 306,2 грама. Меѓутоа, таа не доаѓа со оригиналните алуминиумски корици. Наместо тоа, ограниченото издание на мачетата е спакувано во дводелна кутија и е нумерирано. Исто така, ќе биде понудена и специјална комеморативна верзија со тематско украсување на сечилото, во дрвена кутија за прикажување.

Александар Стојчевски





# Мировната мисија „UNMOGIP“

## (UNITED NATIONS MILITARY OBSERVATION GROUP IN INDIA AND PAKISTAN)

Спорот помеѓу Индија и Пакистан заради Кашмир, ги довел двете земји веднаш после стекнувањето независност до војна во која ОН од мај 1948 биле ангажирани со основање на поверенство УНЦИП, кое во 1951 година прераснува во мировна мисија „UNMOGIP“. Првата група од набљудувачи на ООН, од која се развила и денешната мисија UNMOGIP во Кашмир, пристигнала во јануари 1949 година, дури после крајот на непријателството

Поделбата на британска Индија настапила на полноќ, на 14 август 1947 година. Одлуката за поделба е донесена после неуспешните преговори помеѓу Конгресната партија и Муслиманската лига (партии кои во тоа време ги претставувале двете најголеми етнички заедници), во поглед на политичкиот поредок на наезависна Индија.
Во моментот на стекнувањето на независност, Индија имала 250 милиони Хиндуси, 90 милиони муслимани и 60 милиони припадници на останатите верски групи, кои на поголемиот дел од територијата живееле „испреплетено“. Британска Индија е меѓу основачите и потписничките на Декларацијата на Обединетите народи во Вашингтон а, исто така, учествувала и на конференцијата во Сан Франциско од 25 април до 26 јуни 1945 година, а членка на ОН станала на 30 октомври истата година. На територијата на британска Индија се создаден две нови држави, Индиска унија во која власта ја презела Индиски национални конгрес и Пакистан, каде владата ја формирала Муслиманската лига на чело со Jinnah како генерален гувернер. Територијата на денешен Бангладеш, до 1971 година се наоѓала во состав на Пакистан.
Верското и етничкото нетрпение помеѓу Индусите, муслиманите и Сиките кое тлеело во месеците веднаш по поделбата, во првите денови на независноста експлодирало во масовни судири и довело до заемни масакри над цивилите. Во тие судири се уништени и неколку градови. Насилството било проследено со големи миграциски движења во двете насоки, во кои околу шест милиони Хиндуси и Сики од територијата на Пакистан мигрирале во Индија, а осум милиони муслимани пребегале во Пакистан. Во моментот на поделбата на потконтинентот, бројни политички ентитети кои договорно биле поврзани со британската колонијална власт, за многу кратко време требало да изберат пристапување кон Индија или кон Пакистан. По правило, подрачјата во кои муслиманите биле мнозинство, му припаднале на Пакистан, додека државичките во кои мнозинство биле

други верски групи, останале во склоп на Индија. Владетелите на трите принцевски државички: Hyderabad, Junagadh I Kashmir, одбиле да припаднат на Индија или на Пакистан, т.е во моментот на поделбата постанале независни држави. Junagadh била државичка со мнозинско хиндуско население, но со мислимански владетел. Бидејќи владетелот Mahabat Khanji одлучил да се придружи кон Пакистан, Индија во ноември 1947 година, со еднострана воена интервенција ја присвоила територијата на Junagadh. Слично сценарио се случило и со Hyderabad во средишниот дел на Индија, каде муслиманскиот владетел владеел со хиндуското мнозинство и се обидел да ја пролонгира конечната одлука за припојување кон едната или другата држава. Затоа, Индија, во септември 1948 година, речиси една година после поделбата на Индија, го припоила Hyderabad на Индиската унија.

### Кашмирското прашање

Третата од трите државички кои се обиделе да ја задржат самостојноста е и Кашмир, кој за северозападот станал фокус на напнатоста помеѓу Индија и Пакистан. Таму хиндускиот махараџа Hari Singh владеел со апсолутното муслиманско мнозинство од 85% од жителите, а подрачјето територијално продолжувало на пакистанска територија. Наспроти тоа,  Hari Singh одбивал да се припои кон Пакистан. Подоцнежната одлука на кашмирскиот владетел да се припои кон Индија, во средината на септември 1947 година, на северозападот од покраината предизвикала побуна кај локалните муслимански племиња. Во почетната фаза,. побуната заради ограничените воени ефективи била со слаб интензитет. Конфликтот се проширил бидејќи Пакистан почнал да ги поддржува востаниците, инфилтрирајќи и свои регуларни воени единици на подрачјето на Кашмир, така што побунетите стекнале и значајни успеси, го зазеле градот Dommel и речиси бил прегазен гарнизонот на кашмирската војска во градот Muzzafarabad. После побуната на гарнизонот во градот  Gilgitu, целиот северозапад од Кашмир паднал во рацете на востаниците. Кашмирските сили им пружале отпор на востаниците во местото Uri, каде наспроти дезертерството на војниците муслимани, успеале два дена да ги задржат напаѓачите. При повлекувањето срушиле и еден стратешки важен мост и така му дале време на кашмирскиот владетел за дипломатска акција. Во моментот кога милитантите презеле контрола врз третина од Кашмир и бил доведен во прашање и главниот град Srinagar, Hari Singh побарал помош од Индија и од премиерот  Jawaharlal Nehru. Nehru, помошта на Кашмир ја условил со потпис

> Владетелот на Кашмир, махараџата Hari Singh, апсолутно владеел со муслиманското мнозинство од 85 % од жителите, на подрачјето кое се наоѓало на пакистанска територија. И, наспроти тоа, одбивал да се приклучи кон Пакистан




на Singh за пристапување кон Индиската унија, како и трансфер на политичката моќ на лидерот на најголемата секуларна кашмирска партија и својот близок пријател шеикот Abdullah. Singh, на 26 октомври одговорил позитивно на барањата на индискиот премиер Nehru. Nehru, кој и сам потекнувал од кашмирска фамилија, ја сакал покраината во состав на Индија, со што и симболички би ја потврдил мултиетничноста и секуларниот карактер на Индија.

### Ангажирање на ООН

Индиската воена интервенција започнала уште наредниот ден со префрлање на падобрански единици на аеродромот во главниот град на Кашмир, Srinagar, додека копнените единици од југот постепено ги потиснувале бунтовниците. Следните денови во напредувањето, индиската армија ги зазела градовите Uri и Baramula, за на почетокот на декември, заради логистички проблеми, напредувањето да биде забавено, па дури и запрено. Индија била доста агилна и на дипломатско поле. На почетокот на јануари 1948 година, Индија поднела службен протест до Исламабад заради учеството во борбите, а Nehru се заканил и со напад на герилските бази на пакистанска територија.
Мировната мисија „UNMOGIP“ припаѓа на мисиите кои се основани на локална иницијатива. Всушност, на сугестија на британскиот лорд Mountbatten, Nehru го изнел кашмирското прашање пред Обединетите нации. Во текот на годината Советот за безбедност на ОН интензивно се ангажирал за решавање на спорот.
Во јануари 1948 година, Советот за безбедност на ОН ја усвоил Резолуцијата 39 со која е воспоставена Комисија на ОН за Индија и за Пакистан (United Natoins Comission for India and Pakistan - UNCIP). Задачата на оваа комисија била да ги утврди причините за избивање на конфликтот и медијација помеѓу завојуваните страни. Во април истата година Советот за безбедност на ОН со Резолуцијата 47 го зголемил бројот на припадниците на UNCIP и предложил разместување на воените набљудувачи за запирање на војната. На препорака на UNCIP главниот секретар на ООН наименувал воен советник за поддршка на Комисијата при решавање на воените прашања, со што ја обезбедил групата од воени набљудувачи за асистенција. Првата група на воени набљудувачи на ОН, од кои е развиена денешната мисија „UNMOGIP“, во Кашмир пристигнала дури после завршување на непријателствата во јануари 1949 година. Набљудувачите ја надгледувале ситуацијата и прекинот на огнот и му помагале на воениот советник во „UNCIP“.

*(продолжува во наредниот број)*

м-р Симеон Митрев





# Како да се менаџирате самите себеси

Еволуцијата ги поттикнува луѓето да ги оценуваат ситуациите како „добри“ или „лоши“, за да можат да реагираат на закани и можности. Инстинктивно, ние ги оценуваме нашите односи со колегите на сличен начин. Голем број истражувања не само што го потврдуваат ова, туку покажуваат дека индивидуалните односи честопати вклучуваат мешавина од позитивни и од негативни аспекти. Исто така, повеќето сметаат дека односите со колегите се фиксни: Добрите секогаш ќе останат среќни, а лошите никогаш нема да се подобрат. Врските со колегите се всушност флуидни: Дури и најтоксичните можат да се санираат, а најпозитивните можат брзо да одат спирално надолу. Односите со колегите всушност, се составени од серија на „микродвижења“, мали активности или однесувања кои во еден момент можеби изгледаат како непогодни, но сепак влијаат на тоа како се поврзуваме едни со други. Ние преземаме чекор, а потоа нашиот соработник презема чекор. Секој чекор, или микродвижење, може да ја промени насоката на врската. Мал чин на благодарност или сочувство, може

> Интеракциите со колегите честопати можат да бидат збунувачки, а да не зборуваме за тоа дека дури можат да бидат и извор на стрес. Ова е феномен што авторите на текстов го уочиле како редовна појава во период од речиси девет години посветени на анализирање на работните односи

да ги зближи луѓето и да помогне да се изгради долгорочна доверба, сметаат истражувачите.
Микродвижењата или ги зближуваат луѓето или ги раздвојуваат. Сите микродвижења имаат потенцијал да ги променат односите со колегите.
Еве неколку сценарија кои авторите на текстов ги забележале за време на нивното истражување: Имате „тежок“ однос со колегата. Дознавате дека неговиот татко неодамна починал. Застанувате покрај неговото биро да изразите сочувство. Колегата го гледа разговорот како „маслиново гранче“. Подоцна истата недела, се нуди да ви помогне во еден проект. Или, за време на паузата за ручек, вие и неколку колеги одлучувате да излезете на ручек. Вие сакате да поканите друг колега да се приклучи кон групата, но другите колеги ве надгласуваат. Кога ќе се вратите во канцеларијата, забележувате дека вашиот колега се лути. Додека тој си оди дома, ви кажува дека не го исправил извештајот што треба да го испратите рано следното утро. Ова се само неколку примери за тоа како микродвижењата можат да ги променат односите. Можностите и исходите се безбројни. Токму затоа што односите се различни, реакцијата на микродвижењата ќе биде различна. Прашањето е: Како може да разберете кои микродвижења би биле корисни? Кери и Бет детектирале пет принципи:
1. Да го разбереме гледиштето на нашиот соработник. Влијанието секогаш не одговара на намерата. Она што ги прави микродвижењата комплицирани е тоа дека сите имаме различни стандарди за нивното оценување. Земете го за пример изразувањето на сочувство на еден „тежок“ колега. Тој потег може да ви се врати и на поинаков начин ако колегата ја види вашата постапка како неискрена, а можеби дури и

како манипулативна. Затоа, пред да направите микродвижење, запрашајте се како вие би реагирале да сте од другата страна на паричката. Потоа проценете го одговорот на вашиот колега и размислете дали одговара на вашите очекувања. Ако не е така, подгответе се за дополнителни микродвижења.

2. Да признаеме дека микродвижењата не секогаш се прават намерно . Ако се чини дека работите со наш колега одеднаш се излезени од вистинскиот пат, веројатно едно несакано микродвижење што сме го направиле е виновникот. Да го преземеме сценариото за лицето кое во еден момент работи повеќе задачи. Треба да ја користиме реакцијата на нашиот клиент како сигнал дека треба да бидеме посвесни за сопственото однесување. Идентификувањето на причината за реакцијата на колегата може да спречи едно мало недоразбирање да прерасне во нешто поголемо. Важно е дека ненамерното микродвижење можеби не е секогаш виновно за сè. Можеби за да откриеме дали неочекуваниот одговор на соработникот е нешто што не е поврзано со нас би било наједноставно, ако директно се обратиме до колегата и едноставно му кажеме: Имам чувство дека нешто ве мачи. Дали е нешто поврзано со мене и мојата работа?

3. Да ја разбереме нашата улога во „приказната". Честопати се чувствуваме дека се водиме од емоции, па ни недостасува холистичка слика за нашите врски кои се под влијание на нашето сопствено однесување. Ако се обидеме да ја земеме предвид перспективата на некој друг, можеме да добиеме јасна слика за динамиката на нашите односи. За да добиеме повеќе увид, треба да се обидеме да најдеме одговор на овие прашања: Како некој објективен аутсајдер ќе ја раскаже приказната за нашиот работен однос? Кои се нашите заслуги и предизвици? Како некој странец би ја опишал нашата улога во ситуацијата? Дали нашето однесување нè приближува до колегата или колегата го туркаме подалеку од нас? Кој совет би му го дале на некој друг кој е во нашата ситуација? Дали постојат конкретни потези што би можел да ги препорачам или би ги советувал?

4. Да ги запишуваме нашите микродвижења. Истражувачите препорачуваат да водиме дневник како алатка за подобрување на нашите перформанси. Сметаме дека, исто така, може да се помогне да создадеме подлабоки и позначајни односи. Ако



една врска сакаме да ја смениме, треба да поминеме некое време потсетувајќи се на различните микродвижења што ние и нашиот соработник сме ги направиле во нашите пет или шест најнови интеракции, вклучително и одговорите како резултат на секое микродвижење. На пример, ако сме се повлекле (да речеме, да побараме помош од колега), дали колегата се повлекува (велејќи дека нема време) или одговораме љубезно (барајќи помош да решиме проблем)? Водењето на дневник и запишувањето на слични работни ситуации може да ни помогне да ги препознаеме шемите во нашите односи, и тоа може навистина да ни помогне да ги видеме микродвижењата коишто можат да ги подобрат нашите односи со колегите и воопшто на работа.

5. Треба да знаеме дека „добрите" и „лошите" микродвижења не се создадени еднакви. Можеби се надеваме дека микродвижењата што го доближуваат соработникот ќе ги надоместат оние што ги оттурнуваат колегите од нас. За жал, микродвижењата што им штетат на односите се полесни да се направат отколку оние што се корисни. Во едно истражување, Рој Баумистер од Универзитетот во Квинсленд и неговите колеги, забележуваат дека ефектите од „лошите" интеракции далеку ги надминуваат ефектите од „добрите" интеракции. Значи, ако мислиме дека сме направиле микродвижење што може да ѝ наштети на врската, треба да се обидеме да го споредиме со најмалку шест можни микродвижења за да го неутрализираме. Во крајна линија, односите со колегите имаат природна „плима" и „проток". Секој ден имаме безброј можности да ги обликуваме и преобликуваме. Клучот на успехот е во правење на микродвижења што ги градат односите со соработниците такви какви што сакаме да бидат, наместо само да ги решаваме односите што ги имаме.

м-р Билјана Поповска

*(адаптирано од Kerry Roberts Gibson &Beth Schinoff https://hbr.org/2019/05/the-little-things-that-affect-our-work-relationships?utm_medium=social&utm_source=facebook&utm_campaign=hbr&fbclid=IwAR3UWxK7mRR_Xao89UGF25phY0fII3pMdobuc_fA_WoOQpJHYD3zJvCWZA4)*





# Фамагуста, убава и пуста

Надвор од археологијата, која трага по загубените градови, заробени во пепелта на времето и историјата, на планетата Земја постојат големи населби, вистински градови со судбина, слична на нивните археолошки предци. Апсурдноста на ваквата споредба лежи во вистината дека вината за нивното постоење, а не живеење, ја носи човекот, а не природата и нејзината природа. За да го потврди вроденото или стекнатото зло, токму човекот, таквите градби или населби ги нарекол „градови на духови“. Во писаниево што следи, ќе се позанимаваме со биографијата, односно тажната судбина на градови кои стојат како трајни споменици на „темните страни„ на човечкото суштество, независно од географското одредиште на неговото алчно или необјасниво деструктивно однесување. Се разбира, на страна ќе ги оставиме Јерихон, Помпеја и Мачу Пикчу, историски експонати на претходната констатација, бидејќи во нивните биографии има легенди, и ќе се осврнеме на Градови во чие проклетство нема фикции и митологија.

## Колманскоп

Градот под горното име се наоѓа во денешна Намибија. Сместен е на југот од земјата, на десетина километри од градот Лудеритц и несреќниот епилог во неговото постоење има корени во негово настанување. Имено, извесен Јохни Цолеман, шофер на мал камион, сокривајќи се од песочната луња, во песокот нашол дијамант и станал прв жител на населбата која по неговото презиме била наречена Колманскоп. Зборот дијамант е доволен да се објасни како на периферијата на пустината Калахари, во почетокот на минатиот век, никнал вистински град, еден од стотината на африканскиот континент, со слична биографија.Европските колонисти, Цолеман го наградиле за откритието на рудникот со дијаманти, така што новата населба ја крстиле според неговото презиме, а профитот од скапоцениот минерал го задржале за себе. И, така, во намибиската пустелија, со време ќе никне модерен град, со инфраструктура доволна да ги задоволи сите потреби на рударите, регрутирани од локалното, поробено население. По Првата светска војна, скапоцените дијаманти се збогуваа со длабоките дупки на периферијата на Колманскоп, а од него рацете најпрвин ги кренале сопствениците на коповите, а потоа и оние кои работеа во нив. Според податоците, последниот копач на дијаманти со Колманскоп заминал во 1956 година и, од тогаш до денес, „проколнатиот град“останува да биде цел на авантуристи и трагачи по возбуди. Бог знае како, но, сепак, сите градби во градот останале да сведочат за едно време во кое човечката алчност немала граници.

## Тајнихам

На југот на Англија, во покраината Дорсет и денес има десетина мали гратчиња и населби, кои сведочат за добро распоредено благо на некогашните сопственици на колонии ширум светот. Меѓу нив е и Тајнихам, урбана населба, гратче во кое царува тишина. Оние што службено наминуваат во него велат дека ништо не е променето од 1943 година, кога од него излегол и последниот од неколкуте илјади жители. Имено, едно сабајле, во екот на најкрвавата војна во човечката историја, од врховната

команда на британската армија стасала наредба за целосна евакуација на целото население, а на прашањето зошто, воените власти одговориле дека е во прашање татковината. Ако е за доброто на татковината, тогаш е во ред, одговориле жителите на гратчето и со торби наполнети со лични работи, заминале за да никогаш повеќе не се вратат во своите домови. Отпосле дознале дека нивното родно место било наменето за воен полигон за тестирање минофрлачи. И кога војната завршила, било издадено соопштение дека Тајнихам и понатаму останува место за воени потреби, односно дека носталгичните жители треба да бараат некое друго место за живеење. И, така, идиличното гратче на југот на Англија и ден денес стои какво што било во екот на Втората светска војна, ами сега закитено со незаслужениот прекар, „град на духовите".

## Гунканџима

Малку е познато дека со името Мицубиши, синоним за една од најпознатите марки на јапонските автомобили, е сврзана и судбината на еден цел град, еден од јунаците на нашава приказна. Неговата биографија почнува во првата деценија на 20 век, во времето кога истоимената компанија на еден од 500 ненаселени јапонски острови започнува експлоатација на јаглен од вода.



Имено, стручњаците од Муцубиши, во водите на Јапонското Море откриле јаглен и решиле на најблискиот остров да подигнат населба за идните рудари. Бидејќи тој остров бил познат по ордкански бури, зградите за идните трудбеници биле градени со најцврст можен материјал. За градот Гунканџима, светот за прв пат слушнал во екот на Втората светска војна, кога Кинезите објавиле дека токму во тој град-остров, Јапонците ги воделе на присилна работа заробените кинески и корејски војници. Раководејќи се според таа информација, сојузничките сили, во првата половина во 1945 година, стасале на островот и ги ослободиле сите заробеници. Во следните неколку години, Гунканџима била засолниште на морските птици, и тоа и би останало така ако Американците не се согласиле и на компанијата „Муцубиши" ѝ дозволиле

На нашата планета постојат цели градови и урбани населби, кои од разни причини биле напуштени од нивните жители и со право се наречени „градови на духови". Сите заедно се симбол на исконското недоразбирање, невнимание, завист, алчноста и нехуманоста на човекот.



да се врати на островот. Работливите Јапонци градот го обновиле и го модернизирале до таа мерка што тој станал урнек за градба на населби загрозени од постојани бури и силни ветришта ширум светот. Во почетокот на 1974 година биле исцрпени сите резерви на јагленот и од градот се иселиле сите негови жители, рударите и нивните семејства. Две децении потоа, австралиски авантурист Морган Бринер повторно ја открил Гунканџима, но само за на светот да му го доближи уште еден монументален, но напуштен град. Со оглед на далечината и постојаните бури околу него, јапонскиот „град на духови„ со право го има овој неубав епитет.

## Крако

На крајниот југ на Италија, токму под петицата на „Чизмата" се наоѓа Крако, еден од најстарите, но и најубавите градови во Европа. За жал, и покрај сите атрибути кои започнуваат со „нај", а сврзани со него, Крако е високо на листата на проколнатите градови на нашава планета. Тој е еден од ретките со таков прекар, а истиот да не го спечалил по вина на грабливото човечко суштество. Според старите хроники, педантно препишани во модерните електронски гласила, Крако е роден во 1060 година, кога свештеник по име Арналдо, решил да се „закуќи" токму на едно брдо на крајниот југ на Апенинскиот Полуостров. Благодарејќи му веројатно на свештеникот, сите градби во Крако се монументални, од старата катедрала до „камениот" хотел, граден во третата деценија од 20 век. Иако со векови бил собиралиште на верници и безбожници, Крако немал среќа со природните сили. Имено, од средниот век па сè до 1963 година, градот се соочувал со урагански ветришта и силни земјотреси, кои биле причина за масовно иселување на неговите стари и новодојдени жители. Забележано е дека двете најголеми миграции на населението се случиле по земјотресите во 1892 и во 1922 година. По бесот на богот Атлас во 1959, а особено во 1963 година, Крако го напуштил и последниот жител, старешината на монументалната катедрала. Оттогаш до денес, „камениот град на духовите" заживува во летните месеци, особено кога некој од светските синеасти одлучи тамошните градби да ги искористи како сценографија за својот филм. Прв кој го оживеал најстариот „град на духовите" бил Мел Гибсон, кој тука го снимил филмот „Страдањето на Исус". По светскиот успех и скандалите поврзани со филмот на Австралиецот, во Крако ќе гостува и Марк Форстер, кој во градот го снимил својот филм „Зрно на утеха". И, кога веќе сме кај градот и кинематографијата, да спомнеме дека во Крако е родена бабата по мајка на режисерот Дејвид Расел.

## Припјат

Ако е Чернобил синоним за најголема мирновременска атомска несреќа, тогаш градот Припјат, најблиску до атомската централа во која во 1986 година се случи експлозија на еден од реакторите, е еталон за поимот „град на духови". Овој епитет ќе го





задржи уште најмалку триста години, бидејќи тој е најоптималниот рок за исчезнување на смртоносниот ураниум. Градот, инаку, се наоѓа на северот на Украина, блиску до белоруската граница, и бил граден заедно со атомската централа, оддалечен три километри од неа. Бидејќи во него требало да живеат сите што би работеле во централата, граден е плански, со сета неопходна инфраструктура за 50.000 жители. По хаваријата во атомската централа „Чернобил“, на 27 април 1986 година, од Припјат, во 1100 автобуси, за три часа биле евакуирани сите жители. За нив и за луѓето што живееле во населбите во зоната до 30 километри околу централата, бил подигнат нов град, денешен Славутич. Припјат е најголема урбана населба на планетава, која е изумрена заради невнимателна „игра“ на луѓето со атомската енергија. Сè до 2011 година, строго бил забранет секаков пристап во градот, освен за стручњаците за контаминација од смртоносниот ураниум. Од таа година пристапот е дозволен за сите оние што трагаат по возбуди и за оние кои со фотографски апарат или камера сакаат да ги овековечат глетките од градот.

## Боди

Според шведскиот новинар Јан Олаф Бенгтстон, Боди, напуштеното гратче во Калифорнија, без да се претера, може да се нарече град-дух. За разлика од сите „јунаци“на нашава приказна, за Боди нема ниту една логична причина за неговата проколната судбина. Во негова близина никогаш не се случила ниту една природна непогода, неговите жители живееле во хармонија и ги



имале сите услови за нормално и цивилизирано живеење. Сепак, никој не ја знае причината, поради која, во првата деценија на овој век, почнало иселување од гратчето. Познато е дека за неполна година, Боди го напуштиле сите негови жители и заминале на разни страни во Америка.
Градот бил подигнат 1859 година, во време на прочуената „златна треска“, како и многу други градови во САД, во чија близина била пронајдена златната руда. А, дека затворање на рудниците во близина на Боди не е причина за неговото напуштање, потврдува податокот дека последниот рудник бил затворен во 1926 година. Интересно е дека „градот-дух и денес има само двајца службеници кои се задолжени да внимаваат од градот ништо да не се изнесе. Имено, забележани е дека на сите кои од Боди земале некаков предмет им се случила несреќа. Истите тие ја прошириле приказната дека од напуштените рудници, во секое време од денот се слушаат викотници.

## Фамагуста

Благодарение на репортажата на погоре спомнатиот шведски новинар, Јан Олаф Бенгтстон, за судбината на едно предградие во кипарскиот град Фамагуста од 1977 година, во светските енциклопедии постои и поимот градови-духови. Имено, при посета на мировните сили на ОН во Кипар, Бенгтстон бил вчудоневиден од информацијата дека во преубавото и некогаш монденско предградието Вароша не живее никој, односно дека тоа е оградено со бодликава жица. Во спомнатата година, Бенгтстон забележал дека таа суперлуксузна населба изгледала како да била напуштена истото утро. „На масите во луксузните ресторани и кафулиња, покрај плажата, сè уште стојат шолји за кафе и прибор за јадење“, забележал новинарот. Оттогаш, па сè до денес, поминале 40 години, а во Вароша ништо не е променето, освен можеби густата трева и пиреј израснат покрај хотелите и тротоарите. Споменатата, „замрзната“ глетка е епилог на исконското недоразбирање меѓу луѓето насекаде низ нашата планета. Како што е познато, Република Кипар, остров помеѓу Грција и Турција, е поделен по турската инвазија во 1974 година. Благодарение и на Обединетите нации, тој непромислен гест на Турција поминал без поголеми последици врз населението на Фамагуста, но островот бил поделен – северниот дел е под контрола на Турција, а со јужниот управуваат кипарските Грци. Бидејќи контролата врз Фамагуста ја имаат Турците, властите на Северен Кипар решиле да го умртват кварот Вароша, само затоа што пред инвазијата во него живееле главно Грци. И, така, во најубавиот дел од легендарниот град Фамагуста, и денес постои кварт кој со право е наречен „Урбано царство на духовите“.

Миле Раденковиќ



# Меѓународен планинарски марш „ГОЛАК 2019“

Неодамна, ПСК „Голак“ од Делчево, по петти пат го организираше планинарскиот марш „Голак 2019“ на кој учествуваа и 30-тина резервни офицери и подофицери од ООЕ на ОРОРСМ на Делчево и Берово–Пехчево, предводени од претседателката на ООЕ на Делчево, Светлана Илиевска.
Традиционалниот еднодневен марш овојпат имаше и меѓународна димензија, бидејќи меѓу големиот број учесници (над 100-тина планинари), имаше и претставници од: Р. Бугарија, Р. Србија и САД.
Маршот што го предводеше лиценцираниот планинарски водич Љупчо Чучуковски се оствари на релацијата: Делчево – врв „Мала Чавка“ (1508 м.н.в.) – врв „Чавка“ (1538 м.н.в), на планината Голак во должина од 12 километри.
На учесниците на маршот, во знак на признание за нивното ангажирање, им беа доделени благодарници, а еднодневното дружење заврши со заеднички ручек на планината Голак
Во Делчево беше одбележана



75-годишнината од ослободувањето на Делчево и 28-годишнината од независноста на Р. Северна Македонија. По овој повод, пред спомен-обележјето на загинатите борци, градоначалникот на Делчево, Горан Трајковски, претседателот на Советот на Општината, Драган Маневски, претставници на ООЕ на ОРОРСМ, на ПСК „Голак“ и повеќе здруженија на граѓани, положија свежо цвеќе.
Највисоката општинска награда, „7 Септември“ му беше доделена на лиценцираниот планинарски водич Љупчо Чучуковски, претседател на ПСК „Голак“, а во Домот на културата на АСНОМ беше отворена ликовна изложба на академскиот сликар Петар Атанасовски-Пепи.

# Слободарски традиции

Слободарските традиции од подалечното и поблиско историско минато се постојано во фокусот на вниманието на ООЕ на ОРОРСМ Демир Хисар. Во контекст на ваквите анажирања,  а во рамките на проектот „Вировските валавици – предизвик за развој на руралниот туризам“, беше реализиран кондиционо-едукативен марш на кој учествуваа 50 резервни офицери и подофицери од Д. Хисар, Битола и Кичево.
Носител на организацијата на оваа еднодневна активност беше Здружението на граѓани „Валавица“, чиј претседател е проф. д-р Менде Солунчевски.
Во краткиот разговор, проф. Солунчевски нè информираше дека маршот е реализиран на релацијата: „Млаче“ – „Валавицата на Иван“, во должина од 4 километри.
Во оваа пригода учесниците на маршот го посетија вечното почивалиште на водникот Марјанчо Талевски од с. Вирово, кој е загинат во воените дејства на Вуковар во 1991 година. Во оваа пригода, проф. Солунчевски ги информираше присутните за учеството и за придонесот на жителите на с. Вирово во илинденскиот период, со посебен осврт на Големиот бој.



# Чествување

Во с. Беличица, Гостиварско, се одбележа 75-годишнината од значајниот историски настан и жестокиот судир помеѓу припадниците на Третиот тетовски партизански одред и балистичките формации кои, како соработници на окупаторот, дејствувале во Западна Македонија. Како што е познато, во овој крвав масакар ( на 19 септември 1944 година), загинале 21 борец на Одредот, 18 цивили се живи запалени, а 38 куќи се опожарени. На чинот на чествувањето учествуваа активисти на ООЕ на ОРОРСМ Тетово, претставници на СЗБ од НОАВМ на Тетово, на локалната самоуправа на Маврово–Ростуше, на МЗ на Беличица и Брвеница, на Гарнизонот на АРСМ Тетово, како и претставници на Боречката организација од Штрбце, Р. Косово.
Пригоден реферат пред присутните презентираше професорот Радислав Гиновски од Гостивар.
По овој повод, на спомен-обележјето во с. Беличица, свежо цвеќе во знак на почит и благодарност кон загинатите положија повеќе делегации.



Живко Трајановски



# „Карбала“

Оваа есен на страниците на „Штит“ претставуваме филм од полската кинематографија. Обично, секогаш кога сме правеле некаков осврт на Полска во контекст на воениот жанр, неизбежна била асоцијацијата со Втората светска војна или Холокаустот. Но, овојпат влегуваме во едно поново време на 21 век и во современ контекст, на Блискиот Исток, каде ги анализираме војниците кои се дел од полскиот контингент во Ирак, на самиот почеток на западната интервенција во оваа земја, под знамето на „носење на слободата“.
Во 2004 година, Полска, иако млада членка на НАТО, испраќа контингент во Ирак од 2500 војници. Овој филм се фокусира на 40-тина од нив, кои заедно со исто толку бугарски војници извојуваат неверојатна битка на улиците на Карбала и успеваат да го одбранат градското собрание од исламските милитаристи, сосема сами, отсечени од секаква помош или засилување. Под тридневна опсада и во ситуација која однапред се чини безизлезна, бугарските и полските сили соработуваат заедно за да создадат една драматична и емотивна приказна на хероизам.

## Војската како колектив, а не збир на индивидуалци

Филмот се отвора со сцена која го претставува доаѓањето на полските војници во прашливата база, каде ги гледаме младите момчиња седнати во авионот, шегувајќи се еден со друг. Тоа се, веројатно, нивните последни моменти на забава. Гледаме како овде сè е привремено и колку човечкиот живот нема вредност и еден момент може да те дели од смртта. Но, никој за време на тренингот, пред пристигнувањето, не ги подготвува момчињата за ова. Кога реалноста ќе удри со полна сила, индивидуално е како секој ќе успее да се додржи на нозе и да се справи со случувањата околу него. Така, во филмот „Карбала“, има цела плејада на емоции: од чувство на должност и херојство, до страв и ментална блокада која потекнува од основниот егзистенцијален инстинкт. Командирот на оваа единица – Калицки, е човек кој е далеку од идеализираната форма на лидер, изградена врз бестрашност и безгрешност. Кај него гледаме нијанси на несигурност, страв, како и кај секој нормален човек. Иако не станува збор за воено супериорна фигура, неговиот лик е врамен во концептите на добрина, искреност, пожртвуваност и лојалност. Потоа, го имаме младиот Камил Град, којшто е одговорен да им даде прва помош на повредените но, тој се блокира од страв, откако добива наредба да извлече повреден соборец од изложена точка, пред самиот оган. Иако се покажува дека таа ситуација ќе го чинела живот доколку постапи во согласност со наредбата, сепак, тоа е пат што води до воен суд каде треба да одговара за кукавичлук и непочитување на



воена наредба. Војската значи дисциплина и посветеност, војската значи свесност за ризиците и е сурова за сите кои не умеат да се приспособат на тие принципи.
Ова нè води кон прашањето за одговорноста на оние кои ги даваат наредбите и тежината на одлуките кои ги носат. Исправни или не, тие се апсолутниот „компас“ во една битка. Понекогаш, одлуките и проценките на коишто се засноваат, доколку се погрешни, носат и многу животи и последици. Но, без разлика дали верува во согледувањата на капетанот и способноста да се справи со одредена ситуација, војникот мора да го почитува неговиот збор. Војската не е место за индивидуализам.
Третиот маркантен карактер е командирот на бугарските војници стационирани да го бранат градското собрание. Наспроти младите Полјаци, бугарските војници се вистински командоси, а капетанот Гетов е вистински пример за лидер – храбар, надмоќен, авторитативен, но не и згазен од сопственото его. Кога полските војници пристигнуваат, Гетов ја предава командата на Калицки и нема проблем да се потчини на неговото водење, како што налага неговиот ранг. Моментот на национализам и на саркастичност кон другата војска е секако присутен, но тој е секогаш отворен за совет кон Калицки, како лидер кон лидер, потенцирајќи му дека одлуката е сепак негова и дека тие ќе ја спроведат, без разлика дали се согласуваат или не.

## За тактиката и етиката

Филмот „Карбала“ поставува јасна граница кој е добар, а кој е лош во филмот. Привржаниците, пак, на Садам Хусеин, исламистите-екстремисти, се рефлексија на најлошото и најцрното во човекот. Нивната борба и бранењето на нивните идеали е бескомпромисно и го наплаќаат со висока цена. На тој пат, не се одбира кој ќе се жртвува. Така, гледаме дете, веројатно во раните тинејџерски години, кое е поставено да го гранатира градското собрание, бидејќи ако поставеле возрасен човек на таа задача, НАТО-војниците не би размислувале ниту момент дали да го убијат или не, пред да им наштети. Но, да се пука во дете, за тоа секој нема срце. Истата тактика ја користат и исламистите, поставувајќи ирачки цивили пред барикадите, за да им служат како жив ѕид. Жени и деца, сограѓани, роднини, невини случајни „среќници“, воени заробеници се поставени на линијата на судир и зад нив најкукавички се кријат исламистите кои ги користат како штит. Во оваа земја, во војната која е започната, сите правила се прекршени, начелата на војување, воената етика, сите договори, и сè се сведува на гола борба.



Полските и бугарските војници, пак, се вистински херои. Успеваат да се справат во една речиси безизлезна ситуација, отсечени и оставени сами, под опсада која трае три дена. Согледувајќи ги фактите, дека немаат многу оружје, помошта не пристигнува, а пред портите ги чекаат екстремисти кои сакаат да ги искористат нивните пресечени глави како пример за останатите, тие размислуваат за сите опции, од предавање – до борба до последната капка крв. Она што всушност го прави пресвртот и ја префрла моќта на другата страна е храбрата идеја на Гетов да успеат да се провлечат надвор и да ја нападнат џамијата, свет објект кој според воената етика не би требало да биде нападнат, но исламистите го користат како база за нивните напади. Со тој напад, би ги ослободиле цивилите кои се користат како главна пречка меѓу двете страни, ѕидот кој ја прави битката да не биде фер и им ги врзува рацете на НАТО-војниците, чие дејствување се претвора во избор меѓу две алтернативи – да не напаѓаат и да бидат покосени од екстрамистите или да нападнат и да се соочат со меѓународен суд. Токму ова, другата страна го знае многу добро и ќе го искористи за да ги изманипулира.
Накратко кажано, ова е филм кој зборува за предавството, за одговорноста и за херојството. Но, во тонот со кој комуницира, тешко е да не речеме дека станува збор за класичен пропаганден филм. „Лошите“ се претставени во човечката најлоша форма на бесчувствителност, додека кај „добрите“ гледаме цел спектар на емоции, заемни комуникации и интеракции, фрлајќи светло на нивните психолошки состојби на експресивен начин, без брзање, со целосно внимание. Дури и единствениот позитивен лик од „другата страна“, Ирачанецот кој соработувал и работел за западната инсталирана армија, е оцрнет со предавството кое го прави за да ја спаси својата ќерка, грабната од милитаристите. Тоа се покажува како залудно, бидејќи секој договор со исламистите се чини залуден, бидејќи станува збор за луѓе без интегритет. За разлика од нив, и во најлошите, навидум безизлезни ситуации, полските и бугарските војници се пример за воена етика. Во ваква поставенот на филмската „шаховска табла“, јасно е каде ќе се прелеат симпатиите на публиката и каков ќе биде заклучокот на крајот.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Krzysztof Lukaszewicz

**Улоги:** Bartlomiej Topa, Antoni Królikowski, Hristo Shopov, Samir Fuchs, Alexander Sano

**Сценарио:** Krzysztof Lukaszewicz

**Кинематографија:** Lucas Bielan

**Музика:** Cezary Skubiszewski

**Времетраење:** 115 min

**Година:** 2015

**Земја:** Полска / Бугарија

**Награди:** Награда „Орел“ за кинематографија на полските филмски награди, награда за најдобар актер на „Netia off camera“ фестивалот и уште 5 други номинации на полски и на интернационални филмски фестивали



# „Свети Заум“ – вистински рај крај Охридското Езеро

Свети Заум“ е средновековен македонски православен христијански храм кој се наоѓа веднаш на самиот источен брег од Охридското Езеро, на потегот помеѓу селата Трпејца и Љубаништа. Се наоѓа на оддалеченост од 20 км од Охрид, на брегот на Езерото, во подножјето на планината Галичица.

Меѓу народот познат како „Свети Заум“, е дар од природата за кого се прераскажани бројни легенди и приказни.

Храмот се наоѓа на многу тешко пристапно место, под карпестиот гребен на Галичица наречен Голем Осој, на надморска височина од 695 метри. Веднаш над самата црква, од исток се издигнуваат стрмни карпи, додека пред црквата во непосредна близина на запад се наоѓа и местото со најдлабоката точка на Охридското Езеро. До црквата се стигнува само по воден пат, односно со чамец. Во поново време за потребите на изградбата на манастирскиот конак е пробиена и пешачка патека, долга околу 30-тина минути пешачење, која се искачува по гребенот и, одејќи низ шумата, се спушта до самото езеро, при што последните стотина метри мора да се пешачи во езерските води.

Според изгледот на својата градба и начинот на фрескоживописот, црквата „Света Богородица Захумска“ е единствена на овие простори и мошне се разликува од сите останати средновековни црковни храмови во Македонија и пошироко.

Градена е во форма на впишан крст со купола која се потпира на четири столбови.

Црквата на манастирот „Свети Заум“ е украсен со фрески, дела на непознати зографи.

Иако пристапот до манастирот е само преку Езерото, поради извонредната убавина на местото, сепак, манастирот е мошне посетен, особено во летниот период.

Поради прекрасната природна убавина на самото место, тоа е често посетувано од туристи, особено кампери со шатори.

Извонредната бистрина и убавина на самото место и водите на Езерото, чија најдлабока точка се наоѓа во близината, е привлечна за многу туристи кои со чамци и кајчиња го посетуваат манастирот „Заум“. Вообичаено, помладите жители на Охрид, со шатори го посетуваат „Заум“ на празникот 1 Мај, а кампуваат и по неколку денови во текот на летниот период.

„Свети Заум“ е место кое длабоко се врежува во сеќавањето на сите оние кои го посетиле, а многумина со нетрпение чекаат топли денови за повторно да се навратат на „рајот крај езерото“.

Кристина Илиевска









